# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТРАТЕГИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ЗА 2018-2025 ГОДИНА

# и Акциски план

***нацрт***

# СОДРЖИНА

**СПИСОК НА КРАТЕНКИ** 5
**ПРЕДГОВОР** 7
**ВОВЕД** 8
**1. СОЦИО-ЕКОНОМСКИ И ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ** 10
**2. ПРЕГЛЕД НА ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ** 12
**3. ВИЗИЈА, ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА РАЗВОЈОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО** 19
**4. СТРАТЕШКИ ПРИСТАПИ** 25
**5. КЛУЧНИ СТРАТЕШКИ ОБЛАСТИ (СТОЛБОВИ) ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО** 27
5.1. ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ 27
5.1.1. Преглед на состојбата и досегашните активности 27
5.1.2. Предизвици 30
5.1.3. Приоритети и очекувани исходи 31
5.2. ОСНОВНООБРАЗОВАНИЕ(ОПШТО ОБРАЗОВАНИЕ) 33
5.2.1. Преглед на состојбата и досегашните активности 33
5.2.2. Предизвици 36
5.2.3. Приоритети и очекувани исходи 39
5.3. ОПШТО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ 42
5.3.1. Преглед на состојбата и досегашните активности 42
5.3.2. Предизвици 44
5.3.3. Приоритети и очекувани исходи 45
5.4. СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА 48
5.4.1. Преглед на состојбата и досегашните активности 48
5.4.2. Предизвици 51
5.4.3. Приоритети и очекувани исходи 52
5.5. ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ, ИСТРАЖУВАЊЕ И ИНОВАЦИИ 54
5.5.1. Преглед на состојбата и досегашните активности 54
5.5.2. Предизвици 56
5.5.3. Приоритети и очекувани исходи 57
5.6. УЧЕЊЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ 59
5.6.1. Преглед на состојбата и досегашните активности 59
5.6.2. Предизвици 60
5.6.3. Приоритети и очекувани исходи 61
5.7. ОПШТИ/ЗАЕДНИЧКИ ПРИОРИТЕТИ ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ 62
5.7.1. Преглед на состојбата и досегашните активности 64
5.7.2. Предизвици 68
5.7.3. Приоритети и очекувани исходи 69
**6. СПРОВЕДУВАЊЕ, МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА** 72

**7. АКЦИСКИ ПЛАН** **73**
7.1. ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ 73
7.2. ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО ОБРАЗОВАНИЕ) 85
7.3. ОПШТО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ 101
7.4. СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА 111
7.5. ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ, ИСТРАЖУВАЊЕ И ИНОВАЦИИ 125
7.6. УЧЕЊЕ И И ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВОЗРАСНИ 135
7.7. ОПШТИ/ЗАЕДНИЧКИ ПРИОРИТЕТИ ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ 144

- 

# СПИСОК НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| БДП | Бруто домашен производ |
| БРО | Биро за развој на образованието |
| ВНИУ | Валидирање на неформалното и информалното учење |
| ВРМ | Влада на Република Македонија |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| ДИЦ | Државен испитен центар |
| ДПИ | Државен просветен инспекторат |
| ЕК (EC) | Европска комисија |
| ЕКАВЕТ (EQAVET) | Европско обезбедување на квалитет во стручното образование и обука |
| ЕКАР (EQAR) | Европски регистар за обезбедување квалитет во високото образование |
| ЕМИС (EMIS) | Систем за управување со информации во образованието |
| ЕНКА (ENQA) | Европска асоцијација за обезбедување  квалитет во високото образование |
| ЕРК | Европска рамка на квалификации |
| ЕСГ (ESG) | Стандарди и насоки за контрола на квалитет во високото образование во Европа |
| ЕТФ (ETF) | Европска фондација за обуки |
| ЕУ (EU) | Европска унија |
| ЗЕЛС | Здружение на единици на локална самоуправа на Република Македонија |
| ИКТ | Информатички и комуникациски технологии |
| ИПА (IPA) | Инструмент за претпристапна помош |
| ИСП (ISP) | Индикативен стратешки документ 2014-2020 |
| ИТ | Информатичка технологија |
| МЕ | Министерство за економија |
| МЗ | Министерство за здравство |
| МИОА | Министерство за информатичко општество и администрација |
| МЛС | Министерство за локална самоуправа |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МРК | Македонска рамка на квалификации |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| МФ | Министерство за финансии |
| НКПТ | Национална канцеларија за пренос на технологии |
| НО и ОВ | Неформално образование и образование на возрасни |
| НПАА (NPAA) | Национална програма за усвојување на правото на Европска унија |
| НРК | Национална рамка на квалификации |
| НСВОНИТ | Национален совет за високо образование, наука, иновации и технологија |

| | |
|---|---|
| ОАЕВО | Одбор за акредитација и евалуација на високото образование |
| ОДСЈ | Одбор за доверба и соработка со јавноста |
| ОЖВ | Образование за животни вештини |
| ОРЦ | Одржливи развојни цели на УН |
| ОРОП | Одбор за развивање образовни политики |
| ПИРЛС (PIRLS) | Студија за напредокот во описменување и читање на меѓународно ниво |
| ПИСА (PISA) | Програма за меѓународно оценување на ученици |
| ПС | Педагошка служба |
| РГ | Работни групи |
| СБ (WB) | Светска банка |
| СОО | Стручно образование и обука |
| ТИМС (TIMSS) | Студија за трендовите во учењето математика и природни науки на меѓународно ниво |
| УНДП (UNDP) | Програма за развој на Обединетите нации |
| УНИЦЕФ (UNICEF) | Меѓународен фонд за деца при Обединетите нации за итни состојби |
| УОВ | Учење и образование на возрасни |
| УРУОЈПЗ | Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците |
| УСАИД (USAID) | Агенција на САД за меѓународен развој |
| ФИТР | Фонд за иновации и технолошки развој |
| ЦОВ | Центар за образование на возрасни |
| ЦСОО | Центар за стручно образование и обука |

# ПРЕДГОВОР

Стратегијата за образованието на Република Македонија за 2018-2025 година и нејзиниот Акциски план, беа изработени со финансиска и техничка поддршка од страна на Европската унија, преку процес на консултации и учество, којшто беше спроведен преку средби, дискусии, дебати и конференции во разни фази на изработка на Стратегијата, поточно, од утврдувањето на предизвиците и приоритетите до формулирањето на финалниот текст.

При изработката на Стратегијата поддршка дадоа многу експерти, наставници и професори, претставници на јавни институции, невладиниот сектор и други лица заинтересирани за развивање на човечките ресурси и образовните политики во Република Македонија.

Работата на Стратегијата се одвиваше во шест работни групи формирани од страна на Министерството за образование и наука, кои што беа координирани од двајца национални координатори. Тие беа поддржани од тим на експерти кои делуваа во рамките на проект спроведен од Агриконсалтинг Европа од Белгија (С.А.Agriconsulting Europe S.A. - AESA).

Првиот нацрт на Стратегијата беше изготвен во јуни 2016 година и споделен со клучните заинтересирани страни, вклучувајќи ги националните власти, јавните институции, социјалните партнери, образовните институции, развојните партнери, стручните лица и останатите чинители во полето на образованието. Врз основа на нивните препораки Стратегијата беше ревидирана, дополнително подобрена и финалната верзија беше претставена кон крајот на 2017 година.

# ВОВЕД

1. Стратегијата за образованието на Република Македонија за 2018-2025 година претставува основа за активностите на институциите во Република Македонија во полето на образованието во периодот до 2025 година. Таа тргнува од постојните состојби во образовниот систем и има за цел кон тоа постепено да ги подобри истите, во согласност со утврдените приоритети.

2. Иако процесот на изготвување на Стратегијата е силно поддржан од страна на Европската унија, сепак ги следи начелата за: *сопственост* на Владата на Република Македонија (ВРМ) и на институциите што се директно одговорни за нејзиното спроведување, особено Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика и другите органи и институции со надлежности во образованието, вклучувајќи ги и образовните институции и *прифаќање* од страна на голем опфат на заинтересирани страни, вклучувајќи ги и државните институции, здруженијата на граѓани, социјалните партнери и заедницата на развојни партнери.

3. Стратегијата се темели на јасно утврдување на главните предизвици во образовниот сектор, со што се обезбедува нејзината *релевантност* преку внимателно дефинирање на приоритетните области на кои треба да се обрне внимание во временскиот период до 2025 година. Истовремено, со цел да се исполни критериумот за *кредибилност*, во Стратегијата се вклучени само оние мерки кои можат да се спроведат во планираниот период и истите се поддржани со Акциски план којшто вклучува трошоци и извори на финансирање. Сепак, Стратегијата, исто така, предложува и подолгорочни цели коишто можат да се земат предвид кога ќе се програмираат следните фази на развој на образованието во земјата.

4. Идентификувањето на предизвиците и приоритетите и определувањето на мерките беше направено на повеќе начини:
   - преглед на состојбите во развојот на образовниот систем во последните 10 години, направен од страна на работни групи (РГ) формирани од Министерството за образование и наука (МОН) за потребите на подготовката на оваа Стратегија;
   - проучување на главните сеопфатни национални стратегии, документите што ги содржат образовните политики и политиките во другите сектори поврзани со образованието и најважните документи што ги содржат европските и регионалните политики, вклучувајќи ги и оние што се поврзани со односите ЕУ – Република Македонија;
   - консултација на различни клучни заинтересирани страни, вклучувајќи ги националните институции, граѓанските организации, социјалните партнери, заедницата на развојните партнери, како и експерти за образование и професионалци од праксата, преку голем број средби, дискусии, дебати и конференции.

5. Документот најпрво опфаќа шест главни столбови на образовниот систем: предучилишно образование; основно образование; средно образование; стручно образование и обука; високо образование и истражување; и учење и образование за возрасни. Потоа следи и седмиот столб кадешто се опфатени општи теми во образовниот систем.

6. Овие столбови се разгледани во Дел 5, преку преглед на состојбата и досегашните активности, идентификување на предизвиците, дефинирање на приоритетите и очекуваните исходи коишто треба да се постигнат.

7. Дел 6 ги претставува главните начела за спроведување, мониторинг и евалуација на Стратегијата, а Дел 7 го претставува Акцискиот план.

# 1. СОЦИО-ЕКОНОМСКИ И ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ

8. Република Македонија е континентална земја со население од 2.022.547 лица[1] којашто во последните 15 години има постигнато релативно стабилен развој - од статус на ниско-средна економија во 2000 година стигна до статус на средно-висока економија. Меѓу 188 земји, во 2016 година Македонија е рангирана на 82. место (назадувајќи за едно место - 81., во однос на 2014 и 2015 година) и спаѓа во групата на земји со висок човечки развој[2].

9. Напорите за одржување на макро-економската стабилност, во контекст на глобалната рецесија и забавувањето на Евро-зоната, резултираше со раст на БДП од 3,7% во 2015 година[3], но само 2,6% во 2016[4]. Во 2016 година стапката на вработување на работоспособното население (15-64) беше 49,1%, при што е забележан пораст од 5,7 процентуални поени во однос на 2009. Сепак, стапката на вработување меѓу помладата популација (15-24) останува ниска и изнесува 16,2%[5].

10. Индикаторите за сиромаштија покажуваат мало подобрување за последните 5-6 години. Според тоа бројот на сиромашни лица на национално ниво се намалил од 26,8% во 2010 година на 22,1% во 2014 година[6].

11. Иако стапката на невработеност се намалила од 32,3% во 2009 година на 24% во 2016 година, сепак таа е сеуште висока. Невработеноста на младите се намалува со зголемување на нивото на образование, но е скоро два пати повисока од просечната и изнесува 48,2% (47,9% за мажи и 48,8% за жени)[7]. Во 2016 година, 25,2% од лицата на возраст 15-24 години ниту биле вклучени во образовниот систем, ниту пак биле вработени.

12. Во последните години отворени се повеќе работни места во секторот на преработувачката индустрија, градежништвото, транспортот и складирањето, административните и услужните активности и уметноста, забавата и рекреацијата. Околу 53% од новите работни места се поврзани со средното стручно образование, а 34% со пониските степени на образование. Во иднина повеќето работни места ќе се отворат во преработувачката индустрија (40%) и трговијата (9%), на степен на средно/стручно (62%) и високо образование (10%)[8].

---

[1] Според последниот попис од 2002 година.
[2] UNDP, Human Development Report 2015.
[3] Светска банка, Индикатори за светски развој:
http://databank.worldbank.org/data/reports.aspx?source=2&country=MKD&series=&period=
[4] Државен завод за статистика, Месечен статистички извештај бр.,бр. 1.2.17.03
[5] Државен завод за статистика, Анкета за работна сила
2016(http://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija_en.aspx?id=3).
[6] World Bank, Global Poverty Working Group.
http://databank.worldbank.org/data/Views/Reports/ReportWidgetCustom.aspx?Report_Name=CountryProfile&Id=b450fd57&tbar=y&dd=y&inf=n&zm=n&country=MKD.
[7] Државен завод за статистика, Анкета за работна сила, 2016
[8] Ibid.

13. Во периодот 2009-2015, нето миграцијата постојано расте од 1,065 до 4,342 – главно заради бројот на странци со привремен престој – но, во 2016 е регистриран пад од 4,113. Во исто време, нето миграцијата на жителите на Македонија благо се подобрува, но сепак останува негативна (од -510 во 2009 до -157 во 2016)[9]:

| | *2009* | *2010* | *2011* | *2012* | *2013* | *2014* | *2015* | *2016* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Доселеници** | **1 857** | **2 715** | **3 211** | **3 787** | **3 991** | **4 208** | **5 358** | **4 743** |
| Државјани | 259 | 303 | 349 | 396 | 490 | 265 | 259 | 283 |
| Странци со привремен престој | 1 000 | 1 356 | 1 747 | 2 072 | 1 941 | 2 273 | 3 617 | 2 481 |
| Странци со продолжен престој | 598 | 1 056 | 1 115 | 1 319 | 1 560 | 1 670 | 1 482 | 1 979 |
| **Иселеници** | **792** | **1 007** | **1 290** | **1 415** | **1 041** | **839** | **1 016** | **630** |
| Државјани | 769 | 923 | 1 143 | 1 330 | 945 | 740 | 767 | 440 |
| Странци со привремен престој | 23 | 84 | 147 | 85 | 96 | 99 | 249 | 190 |
| **Нето миграција** | **1 065** | **1 708** | **1 921** | **2 372** | **2 950** | **3 369** | **4 342** | **4 113** |

14. Најголемата група иселеници се оние со средно образование (25,0% од сите иселеници во 2016, 31,0% во 2014, 34,4% во 2013 и 41,8% во 2012 година), по кои следува групата со високо образование (вклучително и тие со магистерски дипломи) кои сочинуваат 9,8% од иселениците во 2016 (10,7% во 2014, 11,2% во 2013 и 9,0% во 2012). Истовремено, групата иселеници со основно образование сочинуваше 6,1% од вкупниот број иселеници – нивниот број беше многу поголем во претходните години: 13,2% во 2014 година, 17,3% во 2013 и 28,3% во 2012. Лицата кои докторирале се најмалата група на иселеници и нивниот удел е 0,2%.[10]

15. Во 2013 година, петте најпопуларни држави за студентите од Македонија биле: Бугарија (1197), Италија (507), Германија (425), Австрија (412) и Турција (361), додека странските студенти кои студирале на локалните универзитети биле главно од: Србија (1146), Албанија (230), Турција (211), Бугарија (30) и Хрватска (24)[11]. Според тоа, балансот на мобилноста е сеуште негативен.

16. Република Македонија е цврсто посветена на процесите на европска интеграција и конечното пристапување кон Европската Унија. Државата склучи Спогодба за стабилизација и асоцијација во 2001 година, која стапи во сила во 2004 година и се стекна со статус на земја-кандидат за членство во ЕУ во декември 2005 година. Националната програма за усвојување на правото на Европска Унија (НПАА) за првпат е усвоена во 2006 година и истата се ревидира и ажурира секоја година со

[9] Државен завод за статистика, Миграции 2016 година.http://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija_en.aspx?id=9
[10] Статистиката не го покажува соодносот помеѓу оние со општо средно и стручно средно образование.
[11] UNICEF, Migration Profiles: Republic of Macedonia.

активности кои произлегуваат од извештаите на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија, како и од краткорочните и среднорочните приоритети од Партнерството за пристапување, кое Советот на министри на ЕУ го усвои во 2008 година.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

17. Образовниот систем на Република Македонија се состои од предучилишно, основно (6-14 години), средно (15-17/18 години) и високо образование. Шемата што следи ја претставува структурата на образовниот систем.

18. Во 2016 година, 33238 деца на возраст до 6 години се вклучени во 64 јавни и 19 приватни предучилишни установи, 4 детски градинки во состав на приватни училишта коишто имаат својство на правно лице, 1 центар за ран детски развој како јавен субјект, 6 центри за ран детски развој како приватни правни субјекти, 1 детска градинка во состав на правно лице за потребите на вработените во државна сопственост, 1 детска градинка во состав на правни лица за потребите на вработените во приватна сопственост[12]. Од вкупниот број на деца 16796 се женски деца. Во вкупниот број на деца има 886 деца Роми и само 174 деца со пречки во развојот (односно, со развојни потешкотии ). Во подготвителна година (на возраст 5-6 години) има 14035 деца (43%)[13].

19. Основното образование трае девет години и е задолжително и бесплатно за сите ученици (на возраст 6-14 години). Во земјата има 347 основни училишта (околу 1100 вклучувајќи ги и подрачните). Нивото на писменост е високо и изнесува 98,8% за мажите и 96,8% за жените (2015 година)[14]. Бруто стапката на опфат е 63%, а нето стапката е 91%. Во овие бројки не се вклучени учениците (главно Роми) што не се воопшто регистрирани во системот (без матичен број) поради што и актуелната стапка на опфат за соодветниот возрасен кохорт е помала.

20. Средното образование, коешто е, исто така задолжително и бесплатно, е поделено во четири вида: гимназиско, средно стручно образование, уметничко образование и образование за ученици со посебни образовни потреби. Средното стручно образование може да биде со тригодишно и четиригодишно траење. На крајот на тригодишното стручно образование, учениците полагаат завршен испит и немаат право да се запишат на универзитет. Учениците кои завршуваат четиригодишно стручно образование, можат да бираат меѓу завршен испит и државна матура, зависно од тоа дали сакаат да го продолжат образованието или не, додека учениците од гимназиите задолжително полагаат државна или училишна матура.

21. Меѓу постоечките 124 средни училишта, 108 се јавни, а преостанатите 16 се приватни. Од средните јавни училишта, 23 се гимназии; 43 се стручни; 33 нудат и гимназиско и стручно образование; 4 училишта се за ученици со посебни образовни потреби; и 5 се уметнички училишта.

---

[12] Статистичкиот преглед број 2.4.17.03/871 за 2016 година од Државен завод за статистика. Доколку не е поинаку наведено, сите податоци што се однесуваат на бројот на училишта и ученици се според Државниот завод за статистика.

[13] Статистичкиот преглед број 2.4.16.01/842 за 2015 година од Државен завод за статистика

[14] Извор: “Adult literacy rate, population 15+ years (both sexes, female, male)". *UIS Data Centre*. UNESCO. August 2015.

***Структура на образовниот систем во Република Македонија****(согласно МРК)*






22. Во учебната 2016/2017 година, во 194 паралелки во 45 специјални основни училишта/установи учеле вкупно 809 ученици (вклучително 289 женски) и во 61 паралелка во 4 специјални средни училишта биле вклучени 229 ученици со посебни образовни потреби (66 од нив биле женски)[15]. Според МОН, 725 ученици со посебни образовни потреби биле вклучени во редовната настава во основните училишта и 230 во редовната настава во средните училишта.

23. Во учебната 2016/2017 година, 44.064 ученици биле вклучени во јавното средно стручно образование (околу 59% од сите ученици во средното образование), меѓу кои 44,7% биле девојчиња. Само 3.053 ученици биле опфатени со тригодишното стручно образование (6,9% од стручното образование, односно 4,1% од средното образование), а 41.011 ученици посетувале четиригодишно стручно образование (93,1% од стручното образование, односно 55,2% од средното образование). Во постсредното стручно образование биле опфатени само 1049 ученици.

[15] Административни податоци од Секторот за основно и средно образование при МОН.

24. Високото образование се реализира на три нивоа: додипломски, магистерски и докторски студии. Во земјата функционираат шест државни универзитети (два од нив на албански јазик), еден приватно-јавен универзитет, девет приватни универзитети и две високо стручни школи. Во академската 2016/2017 година, на 122 факултети во рамки на универзитетите биле запишани околу 58 илјади студенти на додипломски студии, при што околу 56% од нив биле од женски пол. Бруто стапката на опфат изнесувала 34,2% (39,2% за женските), а нето стапката била 26,3% (31% за женските). Во 2015/16, имало 3.034 студенти на магистерски студии и 58,9% од нив студирале на државните универзитети.

25. Во основното образование наставата се организира на четири наставни јазици (македонски, албански, турски и српски)[16], додека во средното образование на три наставни јазици (македонски, албански и турски). Околу 29% од основните училишта и 34% од средните училишта се двојазични/тријазични[17].

26. Во МОН, Секторот за основно и средно образование (со четири одделенија) и Секторот за високо образование (со три одделенија)[18] се одговорни за соодветните нивоа на образование. Секторот за Европска унија (со три одделенија) е задолжен за преговори и интеграција на заедницата, како и за имплементација, координација, мониторирање и евалуација на релевантните ИПА компоненти (Инструмент за претпристапна помош). Во рамки на МОН нема една посебна единица што е задолжена за системот за стручно образование и обука и за образованието на возрасни лица во земјата, туку координацијата е во надлежност на Одделението за средно образование.

27. Постојат неколку институции во рамки на системот што се одговорни за различни аспекти на образованието. Бирото за развој на образованието (БРО) е орган на државната управа во состав на МОН, којшто врши стручни работи од значење за развојот и унапредувањето на воспитанието и образованието во земјата. БРО е надлежно за следење, стручен увид, истражување, унапредување и развој на воспитно-образовната дејност во областа на предучилишното, основното, гимназиското и уметничкото, средното стручно и постсредното образование, образованието за децата со посебни образовни потреби и во образованието на возрасните, во воспитно-образовната дејност на ученичките домови, како и образованието на децата на граѓаните на Република Македонија во странство за учење на мајчиниот јазик и култура. БРО има четири сектори: за наставни планови и програми, за истражување во образованието, за професионален развој и за издавачка дејност. Седиштето му е во Скопје, но за вршење на советодавната

[16] Од 2010 година е воведена експериментална настава на босански јазик што може да се применува во училиштата кои ќе обезбедат услови за нејзина реализација.
[17] Извор: Проект на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието.
[18] Во МОН има и сектори за наука и иновации, за финансии, за општи работи и поддршка на Министерот, за нормативно-правни работи, за учебници, одделенија за внатрешна ревизија, за управување со човечки ресурси, за стратешко планирање и анализа, Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедницитеи други единици.

стручна работа и инструктивно-менторската работа на воспитно-образовниот и раководниот кадар формирани се 12 организациски единици во различни градови.

28. Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО), формиран во 2007 година, е управуван од Управен одбор што се состои од девет членови кои го претставуваат: по едно лице од МОН, Министерство за труд и социјална политика (МТСП), стопанските комори, Комората на занаетчии на Република Македонија и Здружението на единици на локална самоуправа на Република Македонија (ЗЕЛС), како и четири лица од ЦСОО. Главните задолженија на ЦСОО вклучуваат: анализа и проучување на системите за стручно образование; развој на стандарди на занимања; развој на стандарди на стручни квалификации; наставни програми; обука на наставници; советување и менторирање; како и меѓународна соработка и поддршка на социјалното партнерство. ЦСОО е активно вклучен во промовирање на стручното образование и обука со цел подобрување на привлечноста на овој дел од образованието. Сепак, капацитетите на ЦСОО за реализација на активностите се ограничени како од нискиот буџет со кој располага, така и од кадровската екипираност.

29. Центарот за образование на возрасни (ЦОВ) е формиран од страна на ВРМ во ноември 2008 година и започна да функционира во јуни 2009 година. Со ЦОВ раководи Управен одбор со 10 членови кои ги претставуваат: МОН, МТСП, стопанските комори, Комората на занаетчии на Република Македонија, ЗЕЛС и ЦОВ. Главна цел на ЦОВ е да придонесува за задоволување на социо-економските потреби на земјата, како и на потребите на пазарот на трудот и да го помага професионалниот развој на поединци. Меѓу главните задачи на ЦОВ се: промовирање на образованието на возрасните, координирање на соработката со меѓународните институции и со други организации за образование на возрасни, обезбедување квалитет особено преку воспоставување стандарди и критериуми за формално и неформално образование на возрасните.

30. Државниот испитен центар (ДИЦ) е главно задолжен за организирање и обезбедување различни видови оценувања на учениците, вклучувајќи ги и меѓународните тестирања (како Програмата за меѓународно оценување на ученици – ПИСА и Студијата за трендовите во учењето математика и природни науки на меѓународно ниво – ТИМСС). Дополнително, ДИЦ спроведува и обука, оценување и лиценцирање на директори (кандидати за директори) на образовните институции. ДИЦ е независна структура подредена директно на ВРМ, но е втора буџетска линија на БРО. ДИЦ изготвува редовни извештаи врз основа на информации за образовниот напредок на учениците на национално, регионално и локално ниво.

31. Државниот просветен инспекторат (ДПИ) е правно лице, орган во состав на МОН. Во ДПИ работат инспектори и советници кои се одговорни за контрола на примената на правната регулатива поврзана со образованието и за контрола на квалитетот на воспитно-образовниот процес во сите образовни нивоа и во отворените граѓански универзитети. Контролата се врши преку спроведување на интегрална евалуација

на основните училишта, на средните училишта и на отворените граѓански универзитети. Таа опфаќа седум подрачја (наставен план и програми, постигнувања на учениците, учење и настава, поддршка на ученици, училишна клима, ресурси и унапредување и раководење), во согласност со интерниот инструмент - Индикатори за оценување на квалитетот на воспитно-образовниот процес во воспитно-образовните установи. Освен тоа, ДПИ врши инспекциски надзор и во предучилишните установи, но само од аспект на реализација на Програмата за рано учење и развој и на универзитетите од аспект на почитување на законските одредби.

32. Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците (УРУОЈПЗ) е орган во рамки на МОН. Надлежна е да се грижи за изведување на наставата за припадниците на етничките заедници, да обезбедува подобар пристап до сите степени на образование за сите маргинализирани етнички групи, како и да ја координира работата на проектите коишто имаат за цел јакнење на толеранцијата помеѓу припадниците на различните етнички заедници во земјата. УРУОЈПЗ е одговорна и за имплементација на Стратегијата за образование на Роми и на Стратегијата за интегрирано образование. УРУОЈПЗ ја сочинуваат Одделението за албански, турски, српски, ромски, влашки и босански јазик и Одделението за мир и правата на децата на сите заедници.

33. Педагошката служба (ПС) е орган во рамките на МОН со два делокруга на работа: (1) подготовка на програми и мерки за подобрување на психолошкиот, социјалниот, културниот и образовниот развој на учениците, како и за имплементација на процедури за поддршка на развојот на учениците и (2) организација и поддршка на процедурите за подготовка на учебници за основното и средното образование.

34. Во рамки на Министерство за труд и социјална политика (МТСП), прашањата на вработување се координираат од страна на Секторот за политики од областа на трудово право и политики за вработување (со четири одделенија). Овие единици се задолжени за изработка, менаџирање, координирање, мониторирање и евалуација на Националната стратегија за вработување и Акцискиот план за вработување на младите и за мерките за вработување од Оперативната програма за развој на човечките ресурси. Одделението за социјална инклузија во рамки на Секторот за социјална заштита е одговорно за подготовка, координација и мониторирање на Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020. МТСП дејствува врз основа на годишен Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот (со јасни цели и излезни индикатори), со пресметани трошоци и дефинирани извори на финансирање. Секторот за заштита на деца е одговорен за сите аспекти на предучилишното образование, при што Програмата за рано учење и развој ја изготвува БРО, а ја донесува МТСП.

35. Во 2017 година, трошоците за образование беа проектирани на 25492,8 милиони денари[19] (околу 414,5 милиони евра) или 12,4% од државниот буџет во споредба со 23644,4 милиони денари[20] (околу 383,3 милиони евра) или 12,1% во 2016 година. Распределбата на оваа сума меѓу различните нивоа на образование беше проектирана на следниот начин:

| Нивоа на образование | Во илјади денари | | Во илјади евра (приближно)[21] | | Раст 2016-2017, % |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2016 | 2017 | 2016 | 2017 | |
| Предучилишно и основно образование | 1160204 | 1916388 | 18804 | 31161 | 65,2 |
| Средно образование | 1116846 | 1314261 | 18101 | 21370 | 17,7 |
| Високо образование | 5794356 | 6030399 | 93912 | 98055 | 4,1 |
| Друго образование што не е според ниво | 19301 | 28939 | 313 | 471 | 49,9 |
| Служби за поддршка на образованието | 14318833 | 14751639 | 232072 | 239864 | 3,0 |
| Истражување во образованието | 546325 | 513662 | 8855 | 8352 | -6,0 |
| Други активности во образованието | 163739 | 256091 | 2654 | 4164 | 56,4 |
| Развојни програми во образованието | 524797 | 681375 | 8506 | 11079 | 29,8 |
| **Вкупно** | **23644401** | **25492754** | **383216** | **414516** | **7,8** |

36. Средствата предвидени во државниот буџет ги покриваат тековните трошоци за функционирање на образовниот систем (на пр. блок дотациите и наменските дотации, платите, стипендиите, набавката на стоки и услуги и капиталните инвестиции коишто редовно се покриваат од буџетот) и трошоците за повеќе развојни програми. Дополнителни средства од буџетот и од други извори се неопходни за да се овозможи остварување на целите на Стратегијата и покривање на трошоците предвидени со Акцискиот план.

[19] Буџет на Република Македонија за 2017 година, "Службен весник на Република Македонија", бр. 191/2016.
[20] Буџет на Република Македонија за 2016 година. "Службен весник на Република Македонија", бр. 209/2015.
[21] Пресметките за 2016 година се базираат на следниот курс според Европската централна банка: 1 euro = 61,7 MKD (според курсот од јануари 2016 година), додека за 2017 и следната година пресметковниот курс изнесува 1 euro = 61,5 MKD (според курсот од ноември 2016 година).

# 3. ВИЗИЈА, ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА РАЗВОЈОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

37. Владата на Република Македонија ги смета образованието, обуката, истражувањето и иновациите како клучни фактори за зајакнување на националната економија и добросостојбата на граѓаните. Во овој контекст, како ***визија*** што е определена со оваа Стратегија може да се смета заложбата да се обезбеди *сеопфатно, инклузивно и интегрирано образование насочено кон „ученикот“*[22], *со современи програми што овозможуваат идните генерации да се стекнат со знаења, вештини и компетенции согласно потребите на демократското мултикултурно општество, пазарот на трудот и новите предизвици во глобалниот научно-технолошки амбиент*.

38. Според визијата, Стратегијата ќе биде насочена главно кон унапредување на:
    1. Квалитетот на образованието и неговата релевантност за развојните приоритети на македонското општество (особено кога се работи за формирање продуктивни и ангажирани граѓани) и за потребите на пазарот на трудот и насочено кон остварување на очекуваните резултати од учењето, како и за прифаќањето на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција, почитувањето на различностите и демократските вредности;
    2. Развојот на генеричките и клучните компетенции кај учениците (и сите лица кои учат), со цел тие да се развијат во критички субјекти, активни и релевантни учесници во општествениот живот;
    3. Инфраструктурата на образовниот систем, вклучително градбите, опремата, наставните и асистивните технологии, со цел обезбедување соодветна средина за учење во целина и вклучување на лицата со посебни образовни потреби;
    4. Капацитетите на човечките ресурси, вклучувајќи ги раководните лица, кадарот и стручните служби;
    5. Квалитетот и резултатите на образовниот процес преку подобрување на системот за оценување/евалуација на сите образовни нивоа: ученик, наставник, училиште и систем;
    6. Автономијата на институциите во образованието, особено на универзитетот, како и автономија на субјектите во образовниот процес;
    7. Законодавството, управувањето и финансирањето.

Согласно визијата, сите чинители на образовните процеси во фокусот треба да ја имаат добросостојбата на учениците. Образованието треба да овозможи тие да се развиваат во критички мисловни субјекти и активни учесници во граѓанското општество. За да се оствари оваа цел, треба да се развиваат чекори и алатки за инкорпорирање на: *генеричките компетенции* - за критичко мислење и носење аргументирани одлуки, способноста за решавање проблеми и примена на знаењата во реални практични ситуации, за интерперсонални и интраперсонални социо-емоционални вештини; како и на *клучните компетенции* - да се учи како да се учи, иновативност и претприемништво,

[22]Во овој контекст, под терминот „ученик“ се подразбира секој учесник во воспитниот и/или образовниот процес.

граѓанска и општествена одговорност, културна свесност и изразување, истовремено со клучните компетенции за комуникација на мајчин и странски јазик, за математика, природни науки и технологија и дигиталната компетенција. Техничко-технолошките промени се исклучително брзи, а тоа се одразува врз потребите коишто пазарот на трудот постојано ги побраува од потенцијалните учесници. Тие промени стресно влијаат врз младите луѓе и врз нивната добросостојба. Оттука, само индивидуи со развиени генерички и клучни компетенции ќе можат флексибилно да се адаптираат на брзите општествени и технолошки промени и на барањата на работната позиција и ќе можат активно и компетентно да се вклучат на пазарот на трудот.

За таа цел, пред да се иницира било каква образовна промена, важно е да се одговори како таа ќе придонесе „ученикот“ да добие поквалитетни знаења, вештини, ставови и компетенции за животот и идните потреби на пазарот на труд и тоа да биде преточено во соодветни очекувани резултати од учењето. При развојот на програмите треба да се внимава на интегрирањето на темите, на начинот со којшто учењето ќе има најмногу смисла за учениците, ќе ги подготвува самостојно да наоѓаат потребни информации и да ги применуваат знаењата во реален животен контекст.
Имајќи ја предвид премисата дека ученикот учи на начинот на којшто е оценуван, наместо приоритет на сумативното оценување, односно констатирање колку ученикот го совладал материјалот, акцентот треба да се стави на унапредување на примената на формативното оценување, за тоа да биде составен дел и во функција на учењето и на следењето на напредокот на учениците кон остварувањето на очекуваните резултати од учењето. Исто така, самоевалвацијата на секое образовно ниво треба да стане интегрален дел на секоја евалуација . Критичкиот поглед за сопствената работа, процес, институција, поттикнува култура на рефлексија и аспирација за подобрување. Воопшто, системот на осигурување квалитет структуриран преку евалуација на образовните институции, унапредено оценување, континуиран професионален развој на наставничките компенции (вклучително и компетенциите за оценување) треба да биде базиран на очекувани резутати од учењето и да се растерети од преголема регулација.

*Целите* и *задачите* дефинирани во Стратегијата произлегуваат од најзначајните предизвици на образовниот систем коишто се идентификувани преку темелна анализа на состојбите во секој подсектор. Тие се, исто така, во согласност со целите дефинирани од страна на клучните документи поврзани со пристапниот процес и потпишани од страна на ЕУ и Република Македонија и усвоени од страна на ВРМ. При тоа, земени се предвид и документите од коишто Република Македонија како земја членка на Организацијата на Обединети нации има обврска да се раководи, односно да ги почитува како што се основните конвенции за човекови права, милениумските развојни цели и целите за одржлив развој.

39. Индикативниот стратешки документ 2014-2020 година кој е усвоен во август 2014 година, ги утврдува следните главни цели за помош преку ИПА II во секторот на образованието, вработувањето и социјалните политики: *намалување на високата стапка на невработеност, зголемување на учеството на пазарот на трудот,*

*особено на младите и жените, зголемување на пристапот до квалитетно образование и обука, подобро усогласување со побарувачката на вештини, воспоставување модерен и флексибилен систем за социјална заштита.* Резултатите коишто треба да се постигнат вклучуваат:

- поинклузивен и поефективен пазар на трудот;
- подобра усогласеност на побарувачката и понудата на вештини;
- помодерен систем за социјална заштита;
- поголем број на статистички индикатори за креаторите на политиките;
- подобрено предучилишно, задолжително (основно и средно) и високо образование.

40. Според Индикативниот стратешки документ 2014-2020 (ИСП), образованието и обуката ќе бидат зајакнати кога се работи за градење на вештините особено преку:
    - поддршка на подобрувањето на квалитетот на образованието и олеснување на пристапот до образование за сите;
    - зајакнување и модернизирање на системите за стручно образование и обука (СОО) и образование на возрасни;
    - поддршка на развојот и спроведувањето на Националната рамка на квалификации;
    - поддршка на сеопфатно доживотно учење;
    - промовирање на претприемничко учење;
    - поддршка на социјалните партнери и приватниот сектор.

41. Клучните цели се утврдени и преку други документи на ЕУ и Македонија, т.е. Претпристапната економска програма 2014-2015 (2014 година); Економска реформска програма (2016 година); Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (2007, ревидирана секоја година); Одлуката за принципите, приоритетите и условите содржани во Партнерството за пристапување 2006/57/ЕК (2008 година); Стратегија Југоисточна Европа 2020 (2013 година); Образование и обука за наставници од Западен Балкан (2013 година); Европа 2020 – Стратегија за мудар, одржлив и инклузивен раст (2012 година), План на активности за реализација на итните реформски приоритети 2015 (2015 година) преку којшто државата презеде одговорност за реформите, особено на полето на образованието, што може да се претстави на следниот начин:

    - *<u>Предучилишно, основно и средно образование:</u>*
        - универзален пристап до рано учење и развој на сите децаа на возраст од 3 до 6 години без оглед на нивните способности;
        - подобрување на квалитетот на предучилишното образование;
        - зголемување на опфатот на деца и обезбедување на поголема правичност во пристапот на сите деца до установи за предучилишно воспитание;
        - осигурување квалитетно и редовно основно образование за сите деца и превенирање на причините за осипување и нередовно посетување на наставата што останува неевидентирано;
        - промовирање на интеграцијата на ученици кои припаѓаат на различни етнички

заедници, преку заеднички наставни и воннаставни активности, заедничко учење на јазици, подобрување на просторните услови за интеграција, осигурување на меѓучовечки и меѓукултурни социјални и општествени компетенции;

- запишување на деца на соодветна возраст на училиште, без оглед на нивното потекло и компетенции, особено на оние од маргинализираните групи (на пр., децата Роми) и осигурување дека ќе го оформат минимум основното образование;
- осигурување квалитетно и релевантно учество на учениците во редовното образование со цел да се реализираат нивните потенцијали, а воедно да се превенираат состојби во кои ученици од маргинализирани и ранливи групи се формално запишани на училиште, но нередовно посетуваат настава и имаат неквалитетно образование;
- подобрување и приспособување на образовната инфраструктура, наставниот план и програма и учебниците за учениците со посебни образовни потреби; осигурување на компетенциите на наставниците и стручните служби коишто работат со ученици од овие групи;
- подобрување на компетенциите и ефективноста на просветните работници; примена на дигитална технологија и интеграција на ИКТ во наставата и учењето;
- зголемување на ефикасноста и ефективноста на работата на претставниците на стручните служби (педагози, психолози, специјални едукатори , социјални работници) со нивна поголема релевантна вклученост во секојдневниот училишен живот на учениците, а истовремено растеретување од административни обврски што не се својствени за нивната професија;
- трансформација на специјалните училишта во ресурсни центри коишто би биле суштинска поддршка на училиштата, наставниците и стручните соработници во спроведувањето на мерките за инклузивно редовно образование;
- обезбедување на стипендии и туторство за учениците Роми во средните училишта; стипендии за учениците со посебни образовни потреби; бесплатен превоз и други средства за поддршка;
- зајакнување на соработката помеѓу централните и локалните власти;
- воведување систем за следење на оние кои завршиле со формалното образование.

- *Стручно образование и обука:*
  - зголемување на привлечноста, квалитетот и релевантноста на СОО, со континуирано прилагодување на општествените и технолошките промени од една страна и потребите и особините на учениците, од друга страна;
  - градење на пристап кон СОО којшто ќе биде заснован на генеричките и клучните компетенции и на очекуваните резултати од учењето;
  - подобрување на ресурсите и капацитетите на системот за СОО;
  - развивање на систем за предвидување на потребите од вештини (особено преку воспоставување на Опсерваторија на вештини) и развивање и операционализирање на информатички систем за пазарот на трудот;
  - воведување на флексибилен и ефикасен систем за изработување на Стандарди

на занимања и Стандарди за квалификации коишто се засноваат на резултати од учење, изработување на модуларен наставен план и програма, коишто, исто така, се засноваат на резултати од учење, во согласност со оние стандарди коишто ги исполнуваат потребите на пазарот на трудот, како и програми за учениците со посебни образовни потреби;
- обезбедување на обуки за наставниците за спроведување на новиот наставен план и програма и новите пристапи кон учењето;
- подобрување на учењето преку работа во сите форми и за сите типови на ученици и возрасни, а особено преку воведување на соодветни програми;
- воведување на национален систем за проверка на квалитетот и релевантноста на образованието и системот за следење на оние кои завршиле со формалното образование;
- учествување во регионални проекти за претприемничко образование во Југоисточна Европа.

● *Високо образование и истражување:*
- зголемување на квалитетот на високото образование преку дополнително подобрување на акредитацијата и евалуацијата на високото образование;
- подобрување на материјалната и методолошката основа на високото образование;
- развивање на соработката помеѓу институциите за високо образование, приватниот сектор и релевантните јавни тела;
- оптимизирање на образовните профили коишто се финансирани од државата, а се нудат на македонските универзитети и осигурување на еднаков пристап до високото образование, социјална кохезија и доживотно учење;
- осигурување на вмрежувањето со странските универзитети;
- подобрување на капацитетите за сместување на студентите на јавните универзитети;
- зголемување на јавните и приватните инвестиции во применетото истражување, развојот и иновациите.

● *Неформално и информално учење и образование на возрасни:*
- забрзување на процесот за верификација на програмите и давателите на услуги за неформално образование и образование на возрасни (НО и ОВ), редовно ажурирање на каталогот на верификувани програми и даватели;
- засилена поддршка во процесот на воспоставување и операционализирање на системот за валидација на резултати од неформалното и информалното учење (ВНИУ), како систем кој овозможува идентификување, документирање, проценка и сертификација на компетенции кои лицата веќе ги поседуваат. Со овој систем ним ќе им се овозможи вертикална и хоризонтална мобилност во образовниот систем и на пазарот на трудот;
- прилагодување на програмите на потребите и специфичностите на процесот на учење кај возрасните;
- подобрување на мотивацијата на лицата да учествуваат во НО и ОВ преку подигање на свеста, давање информации, насоки, поддршка и мотивирање на

возрасните, валидација на нивното претходно учење, како и зголемување на можности за развивање на кариерата;
- воведување на систем на делумни (парцијални) квалификации, модуларен модел на образование на возрасни и програми за возрасни со посебни образовни потреби; обезбедување на клучни компетенции во рамките на обуките за образование на возрасни;
- воспоставување на контрола на квалитетот на НО и ОВ, особено преку воведување на механизми за следење и надворешна евалуација на квалитетот;
- воведување на механизми за поттикнување на работодавачите да инвестираат во образованието и обуките, особено преку промовирање на партнерства помеѓу работодавачите и давателите на образование за возрасни;
- утврдување на локалните потреби од НО и ОВ (од страна на општините) и осигурување на обуки на регионално и локално ниво;
- подобрување на правната основа и плановите за финансирање на образованието за возрасни;
- остварување на програмата за завршување на средно образование од страна на возрасните, со зголемување на бројот на инволвирани општини.

● *Општи/заеднички приоритети:*
- целосно воспоставување на Национална рамка на квалификации;
- зајакнување на системот за кариерно насочување и советување;
- кроскурикуларно воведување на соодветни содржини за развој на генеричките и клучните компетенции во сите нивоа на образованието;
- осигурување на капитални инвестиции со цел да се подобрат физичките услови во образовните институции;
- опремување на сите образовни институции со подобри нагледни помагала и алатки за децата, учениците, студентите и наставниците;
- осигурување на постојан процес на професионален развој на кадарот и ефективно користење на технологиите;
- подобрување на Системот за управување со информации во образованието (ЕМИС)[23] и на системот за прибирање на податоци;
- подобрување и хармонизирање на законодавството;
- воспоставување на институционализирано социјално партнерство.

42. Покрај тоа, како приоритетни, при воспоставување на целите и задачите на Стратегијата беа земени следните исходи што се предвидени со еден од клучните национални стратешки документи (поточно со Националната стратегија за вработување 2016-2020 година усвоена во октомври 2015 година), а коишто се тесно поврзани или делумно ги опфаќаат горенаведените цели утврдени со документите за пристапување и националните стратешки документи:
● функционален информациски систем за образованието и пазарот на трудот, поточно, подобрена методологија за следење на потребите од вештини (Skill Needs Survey);
● развиен систем за предвидување на потребите од вештини, воспоставена

[23]Од 2010 година воспоставен е ЕМИС, но потребно е да се работи на негово подобрување.

Опсерваторија на вештини и модел за предвидување;
- флексибилен и ефикасен систем за развивање на нови Стандарди за квалификации, занимања и професии;
- развиени Стандарди на занимања и ревидирани наставни планови и програми во согласност со потребите на пазарот на трудот, како и соодветна обука на наставниците;
- воведен систем за следење на учениците (Tracersystem) откако ќе го завршат формалното образование;
- зајакнат систем за кариерно насочување и советување;
- понатамошен напредок за целосно воспоставување на Национална рамка на квалификации (НРК), со вклучување на работодавачите во сите фази на процесот;
- подобрено учење преку работа во сите форми, како за ученици, така и за возрасни;
- воведување на специјални програми за образование за возрасни за нови вештини за „зелени“ работни позиции;
- забрзување на процесот за верификација на давателите на услуги и програмите за возрасни;
- зголемен квалитет на високото образование преку понатамошно подобрување на работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование (ОАЕВО), како и преку спроведување на надворешни евалуации;
- намален број на млади лица кои се невработени и не се вклучени во процесот на образование и обука и намалена ставка на осипување;
- операционализација на системот за валидирање на излезните резултати од неформалното и информалното образование, воведен истовремено со специјалните програми за образование на возрасни.

43. Како резултат на тоа, целите на Стратегијата се дефинирани на следниот начин:
    - значително зголемување на опфатот на деца во предучилишното воспитание и образование и прилагодување на програмата за ефикасен и прилагоден влез во основно образование;
    - рационализација на наставните планови и програми за сите години на задолжителното образование, а особено во почетните години од секој циклус, и нивно прилагодување за поефикасен и оптимален преод за учениците од циклус во циклус. Рационализацијата подразбира и поврзување на темите во интегрирани програми, со доволно голем број на часови на изложеност на образовни активности на учениците, за оптимално развивање на клучните и генеричките компетенции;
    - зајакнување на програмите со активности и средства што ја зголемуваат привлечноста на училиштето, поттикнуваат конструктивен однос кон учењето и вклучуваат содржини од локален интерес и поттикнуваат поврзаност со заедницата и општествено одговорен ангажман;
    - прилагодување на наставните програми на возраста на учениците со кроскурикуларно инкорпорирање на генеричките и клучните компетенции засновани на излезните резултати од учењето;

- унапредување и прилагодување на инструментите за обезбедување квалитет (и контрола на квалитетот) со што во центар на вниманието се става ученикот и неговиот најдобар интерес;
- прилагодување и доследно спроведување на концептот на инклузивно и мултикултурно образование со фокус на демократските вредности, човековите права, родовата еднаквост, почитувањето на различности по било која основа, како и со поддршка на етничката кохезија;
- унапредување и доследно спроведување на методологијата на пишување учебници и истовремено намалување на улогата на учебниците како единствени средства за постигнување на наставните цели, притоа треба да се имаат предвид придобивките од примената на ИКТ во образованието;
- унапредување на образовната инфраструктура заради обезбедување поголема инклузивност (вклученост), достапност, енергетска ефикасност и дигитализација;
- обезбедување целосен опфат во образовниот систем на сите лица со посебни образовни потреби преку прилагодување на наставните програми (од аспект на наставните цели и јазикот на реализација на наставата) на нивните потреби и можности и зајакнување на компетенциите на наставниците и стручните служби;
- рационализација и концептуална регионализација на средното стручно образование со програми засновани на генеричките и клучните компетенции и ориентирани кон потребите на пазарот на трудот;
- стандардизација на дејноста во високото образование според европски критериуми и почитување на законитоста при отворањето и функционирањето на високо-образовните институции;
- враќање на автономијата на универзитетите, вклучувајќи ја и академската слобода и превенирање на можностите за притисок врз членовите на академската заедница;
- проширување на можностите за образование на возрасните и поддршка на концептот за доживотно учење;
- поддршка во процесот на воспоставување и операционализирање на системот за валидација на резултати од неформалното и информалното учење (ВНИУ);
- зајакнување на дејноста, компетенциите и капацитетот на кадарот на сите образовни нивоа и унапредување на наставниците и стручните соработници во звање;
- интензивирање на примената на ИКТ во образованието преку воспоставување портал за е-учење и систем за управување со учењето и континуирана обука на кадарот за користење на нови технологии и ИКТ алатки во образованието; градење систем за обновување на компјутерската опрема и обезбедување услови за ефикасно одржување на компјутерската опрема и компјутерските мрежи;
- зајакнување на капацитетите на централно, локално и училишно/предучилишно ниво за управување на дејноста преку поефикасна администрација, водење на хармонизирани и транспарентни политики за реализација на непречен и квалитетен образовен процес во услови на децентрализирани надлежности;
- создавање на основи за осмислување и развивање на интегрална реформа како една целина којашто ќе го опфати севкупното образование, од предучилишно до

високо, како процес и можност за доживотно учење, во којшто логично и сукцесивно се надоврзуваат нивоата на образование.

44. Стратегијата е дизајнирана така да обезбедува остварување на целите преку имплементација на определен број мерки (и постигнување на соодветни исходи) поврзани со приоритетите воспоставени за секој подсектор (столб) на образовниот систем и условени од најитните специфични потреби на секој столб. Овој пристап придонесува и за практичноста на Стратегијата, а особено на Акцискиот план, што го олеснува спроведувањето, мониторирањето и евалуацијата.

45. Истовремено, ако се земе предвид ограничениот временски период којшто го покрива Стратегијата, нема да биде можно да се одговори на сите предизвици до крајот на 2025 година. Поради тоа, во Стратегијата се земени предвид само оние исходи коишто реалистично можат да се остварат. Сепак, Акцискиот план вклучува и определен број на активности коишто имаат за цел да воспостават цврста основа за да се постигнат понатамошни цели.

# 4. СТРАТЕШКИ ПРИСТАПИ

46. Од гледиште на нејзиниот дизајн и спроведувањето, Стратегијата се темели на следните пристапи:
    - силно залагање и посветеност на земјата во согласност со документите за пристапување во ЕУ, како и на стратешките документи на национално ниво;
    - темелна анализа на ситуацијата и она што може да се постигне од сите предложени мерки;
    - донесување балансирани одлуки за чекорите што треба да се преземат за решавање на итните работи;
    - подготовка на цврста основа за спроведување на секоја предвидена мерка;
    - поставување исходи согласно приоритетите - остварливи во рамки на дадениот временски период;
    - дистрибуција на ресурсите во зависност од резултатите и излезните индикатори.

47. Паралелно со ова, ќе биде обезбедено и следното:
    - поддршка на системска кампања со цел да се објасни потребата и да се подигне свесноста за сеопфатните принципи на доживотното учење низ сите животни фази и во рамки на секој од образовните столбови при носењето на јавните политики;
    - проширување на структурата на образовниот систем во Република Македонија со вклучување на учење и образование за возрасни.

48. Покрај тоа, треба да се обезбеди широко вклучување на заинтересираните страни во спроведувањето на Стратегијата. Особено се предвидува дека повеќето резултати ќе бидат добиени со учество на заинтересираните страни, или барем дискутирани и договорени со нив пред да бидат официјално одобрени. Соработката и учеството на сите клучни заинтересирани страни на полето на образованието ќе биде поттикната преку постојан дијалог за образовната политика и нејзиното институционализирање, кое е исто така предвидено од Стратегијата покрај останатите мерки.

49. Стратегијата предлага група мерки коишто се заеднички за неколку потсектори во образованието. Поточно, тоа се: кариерно насочување и советување, систем за следење на ученици кои го завршиле своето образование и студенти, професионален развој и напредување во кариерата на наставничкиот и другиот кадар, лиценцирање на директорите на образовните институции, НРК, ЕМИС и други. Сепак, тие се претставени поединечно во соодветните столбови, но нивното спроведување ќе биде внимателно координирано со цел да го следи интегрираниот пристап и да се обезбеди ефикасност на трошоците. Во иднина (во следната фаза на спроведување на образовните реформи) овој тип на мерки на образовната политика мора да се утврдуваат во рамките на унифициран систем, а во некои случаи дури и да се институционализираат.

**50.** ВРМ е свесна дека се неопходни суштински промени во некои аспекти на образованието и дека треба да се воведат сериозни реформи. Сепак, според пристапот на оваа Стратегија пред да се воведат било какви коренити промени мора да се направи темелна анализа на изводливоста и да се постигне согласност за сите интервенции коишто треба да бидат прифататени од страна на сите клучни заинтересирани страни. Тоа ќе обезбеди непречена операционализација на секој нов систем или механизам, без да предизвика несакани или противречни ефекти, коишто можат да доведат до губење на кредибилноста на реформите, или губење на довербата на социјалните партнери и општеството во целина.

# 5. КЛУЧНИ СТРАТЕШКИ ОБЛАСТИ (СТОЛБОВИ) ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

## 5.1. ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ

### 5.1.1. Преглед на состојбата и досегашните активности

51. Улогата на предучилишното воспитание и образование во Република Македонија е социјализација, воспитание и образовние на децата од предучилишна возраст, со цел создавање на основи за развивање на нивните потенцијали и стекнување на знаења за светот којшто ги опкружува. Мисијата на предучилишното образование е еднаков пристап и максимална опфатеност на децата од предучилишна возраст со различни форми и програми, дизајнирани според современите трендови и најновите научни сознанија од областа на детскиот развој.

52. Со децентрализацијата што започна во јули 2005 година, основачките права и одговорности за 51 јавна детска установа-градинка (со 181 објект) во 40 општини, беа пренесени од централните на локалните власти. Деца од осум други општини одат во објекти коишто функционираат во рамки на јавна детска установа - детска градинка од соседната општина.

53. Во 2005 година последната година од предучилишното образование (за децата на возраст 6-7 години) беше законски регулирана како задолжителна. На барање на МОН беше изработена посебна Програма за воспитно-образовната работа во подготвителната година, заедно со досие за следење на развојот на детето во текот на годината, а воспитувачите беа обучени да ја применуваат програмата во пракса. Во учебната 2007/2008 година, подготвителната година од предучилишното образование беше вградена како прва училишна година во циклусот на основно образование.

54. Во 2009 година МТСП, надлежно за системот на предучилишно образование, ги воведе Стандардите за рано учење и развој за децата, изготвени од широка работна група претставници од клучните институции и заинтересираните страни. Стандардите ги дефинираат очекуваните постигнувања од децата на предучилишна возраст, во различни сфери од нивниот развој (развојот на моториката, социо-емоционалниот развој, мисловниот развој итн.). Истите можат да се применуваат во сите контексти во коишто децата на возраст 0-6 години се опслужуваат со услуги на чување, воспитување и образование (во семејствата, во детските градинки, во детските рекреативни центри и во разни неформални видови на грижа за децата). Истата година се организираа работилници за подигнување на свеста за важноста на раниот детски развој во кои учествуваа претставници од сите детски градинки со цел промовирање на Концептот за раниот детски развој, преку практично применување на Стандардите во градинките.

55. Во периодот 2010-2012 година беа развивани капацитетите на предучилишните воспитувачи од 18 избрани детски градинки. Беа обучувани како да спроведуваат стратегии (засновани врз Стандардите) за подучување на децата, оценување и документирање на нивните постигнувања, како и за градење на соработка со родителите. Во 2013 година беа изработени материјали за родителите, наменети за поддршка на развојот и учењето на децата во домашни услови, а на избраните детски градинки им беше наложено да ги следат ефектите од нивната примена.

56. Во 2012 година беа изготвени инструменти за следење на развојот на децата врз основа на Стандардите и истите станаа службен дел од портфолиото за секое дете. Со цел да се олесни процесот на водење на педагошката евиденција и документација, беше изработен прирачник за предучилишни воспитувачи и негуватели. До 2014 година воспитувачите од сите јавни и приватни градинки беа обучени како да го користат горенаведениот инструмент.

57. Предучилишното образование е уредено со Законот за заштита на децата усвоен во 2013 година, којшто се изменува и дополнува согласно потребите. Со овој закон, раното учење и развојот се поставени во центарот на вниманието, а освен јавните градинки, се дозволија и други форми на услуги за грижа и образование на децата. Ова ги поттикна општините да отворат центри за ран детски развој во местата кадешто не беа отворени градинки. Освен тоа, Законот го уредува и системот за инспекциски надзор врз дејноста - заштита на децата и воведува лиценцирање врз основа на дополнителни обуки и испити. Законот е придружен од 25 подзаконски акти коишто ги дефинираат правилата за негово спроведување.

58. Во текот на 2014 година 157 воспитувачи од сите детски градинки беа обучени за целосна и сеопфатна примена на Стандардите. Овие воспитувачи потоа ја пренесоа таа обука и на другите воспитувачи во нивните градинки. Беа изработени два прирачника (еден за негуватели и еден за воспитувачи) за спроведување на Стандардите.

59. Во 2015 година од страна на МТСП е донесена Програмата за рано учење и развој за деца со пречки во развојот, подготвена од страна на БРО. Програмата има за цел да се обезбедат еднакви можности за сите деца на предучилишна возраст.

60. Во текот на 2014-2015 година сите воспитувачи кои работат со деца на возраст 5-6 години во 10 детски градинки беа опфатени во пилот Програма за воведување на почитување на различности и мултикултурализам во раниот детски развој. Воспитувачите ја добија потребната обука, како и прирачник, едукативни материјали и книги за деца за изведување на овие активности. Освен тоа, во рамки на истата програма, се организираа активности за подигнување на свеста за сите воспитувачи од останатите детски градинки.

61. Во 2013 година, вработени се логопеди во детски градинки во Република Македонија. Во 2015 година вработените од 10 пилот-градинки поминаа обука за инклузија во

рано учење и развој заснована врз соодветните модули за стручно усовршување. Исто така, изготвен е и прирачник за инклузивно предучилишно образование.

62. Во 2015 година, со цел подобрување на квалитетот на предучилишното образование, советниците од БРО почнаа да реализираат инструктивно-советодавни посети и стручни увиди во јавните детски градинки.

63. МТСП во соработка со Фондот за образование на Ромите, во 18 општини и 17 ромски невладини организации, го спроведе проектот Инклузија на децата Роми во јавните детски градинки. Целта на овој проект е да се зголеми опфатеноста на децата Роми во предучилишно образование една до две години пред да почнат со основното образование. Намерата беше да се подобри ставот на родителите Роми кон образованието, да се прошират социјалните вештини и познавањето на македонскиот јазик кај децата Роми, како и да се подобрат компетенциите на предучилишните негуватели и воспитувачи да работат со децата Роми и да се борат против предрасудите кон Ромите. За овие цели МТСП, во соработка со Министерството за финансии (МФ), одобри финансиска поддршка за ангажирање на 17 негуватели Роми. При изведувањето на некои од активностите, надлежните установи за грижа и воспитување на децата остваруваа блиска соработка со клучни меѓународни развојни партнери и заинтересирани страни.

64. Беа вложени напори во насока на зголемување на бројот на детските градинки/центрите за ран детски развој и проширување на капацитетите на постојните градинки, особено во руралните и социјално загрозените средини. Според податоците од МТСП, во периодот од 2006 година до денес, отворени се: 14 јавни установи за деца - детски градинки, 4 јавни установи за деца - центри за ран детски развој , 27 објекти за предучилишно воспитание и образование, 23 групи во други просторни услови, 25 центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки , 7 приватни установи за деца – центри за ран детски развој, 24 приватни установа за деца – детски градинки, и 6 детски градинки, организирани како организациона единица во состав на правно лице/приватно средно училиште.

### 5.1.2. Предизвици

65. Системот за предучилишно образование се соочува со значајни предизвици:
    1. Опфатеноста на децата во предучилишното образование е загрижувачки ниска, во ситуација кога постоечкиот систем нема капацитети за зголемен опфат и нема можности за опфаќање на децата со посебни образовни потреби. Воедно, стапката на офатеност е најниска токму кај припадниците на маргинализираните заедници, кај кои е и најсилна тенденцијата кон осипување, тешкотии во достигнувањето на стандардите и ниски постигнувања во учењето;
    2. Условите за учење во предучилишните установи не се на задоволително ниво; неконзистентно се спроведуваат нормативите и стандардите во предучилишните установи; речиси воопшто не се користи ИКТ во предучилишните установи.

3. Постоечките Стандарди за рано учење и развој на децата треба да се ревидираат, врз основа на спроведени анализи; контролата на квалитетот не функционира; не се спроведува интегрирано мултикултурно воспитување и образование на децата на предучилишна возраст; недоволна е соработката со останатите нивоа на образованието, а особено со високото образование.
4. Системот страда поради недоволен број на кадар во предучилишните установи, што е придружено со недоволно јасно дефинирани компетенции и стандарди за директорите, воспитувачите, негувателите и стручните служби на градинките. Всушност, не постои механизам за професионален развој и напредување во кариерата на овие вработени лица, додека системот за нивно лиценцирање бара ревизија.
5. Раководењето и управувањето со предучилишните установи е неефикасно, се преклопуваат надлежностите на разни структури коишто се одговорни за предучилишниот образовен систем, т.е. МОН, МТСП и Министерството за локална самоуправа (МЛС); слаба е соработката со родителите, заедниците и бизнис секторот. Истовремено, на системот за педагошка евиденција и документација којшто се води за децата во институциите, му треба подобрување.

### 5.1.3. Приоритети и очекувани исходи

66. Во поглед на развојот на предучилишното образование, Стратегијата ги утврди следните приоритети и очекувани исходи:

**Приоритет I. Подобрување на содржината, условите за учење и квалитетот во остварувањето на предучилишното образование**

1.1. Подобрена е содржината на предучилишното воспитание и образование
1.2. Предучилишното воспитание и образование е насочено кон постигнување на излезните резултати коишто се дефинирани со Националниот стандард за рано учење и развој
1.3. Воспоставени се предуслови за да се посвети повеќе внимание на секое дете во предучилишните установи
1.4. Воспитно-образовниот процес е поддржан со соодветни физички услови за да се постигнат определените излезни резултати
1.5. Воспитно-образовниот процес е поддржан со сите неопходни дидактички материјали за да се постигнат определените излезни резултати
1.6. Предучилишното образование нуди можност за билингвален пристап за работа со деца од различни култури

**Приоритет II. Зголемување на опфатот на децата и подобрување на инклузивноста во предучилишното образование**

1.1. Создадени се основни услови за да се зголеми опфатеноста на децата во предучилишното образование, преку обезбедување на еднаков пристап за сите деца
1.2. Воспоставени се физичките услови и вработени се лица кои се неопходни за да се вклучат децата со развојни потешкотии

1.3. Содржината и методите според коишто се реализираат активностите со децата во предучилишното образование се приспособени за да ги вклучат децата со различни развојни потешкотии
1.4. Обезбедена е средина којашто овозможува морална поддршка и постои позитивно јавно мислење за инклузивното образование
1.5. Воспоставена е административна основа за обезбедување на инклузивно образование

**Приоритет III. Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во предучилишните установи**

2.1. Јасно се дефинирани барањата за професионалните компетенции и работните задачи на вработените во предучилишните установи
2.2. Воспитувачите и негувателите кои се приправници/почетници се способни да ги вршат своите задачи во согласност со профилот на работното место и Стандардите за рано учење и развој
2.3. Постојано се подобруваат професионалните компетенции на воспитувачите и останатите вработени во предучилишните установи; воспитувачите се мотивирани да покажат подобри резултати
2.4. Сите вработени во предучилишните установи ги исполнуваат минималните барања за професионални компетенции

**Приоритет IV. Подобрување на законодавството, организацијата и управувањето со предучилишното воспитание и образование и зајакнување на соработката**

3.1. Надзорот на воспитно - образовните активности се заснова на соодветно отсликување на она што го сработиле воспитувачите и постигнувањата на децата
3.2. Подобро се земени предвид потребите на децата на предучилишна возраст и интересите на заедницата
3.3. Општата педагошка култура на родителите е подобрена и придонесува кон образование коешто се заснова на семејното воспитување на децата

## 5.2. ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО ОБРАЗОВАНИЕ)

### 5.2.1. Преглед на состојбата и досегашните активности

67. Задолжително деветгодишно основно образование се воведе во Република Македонија во 2007 година, во согласност со Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование. Законот за основно образование гарантира бесплатна достапност на ова ниво на образование за сите деца на возраст 6-14 години, посебно преку обезбедување на бесплатни учебници и превоз за оние ученици чиешто постојано живеалиште е оддалечено повеќе од 2 км од најблиското училиште.

68. Реформите на наставните планови и програми беа отпочнати истовремено со продолжувањето на времетраењето на основното образование. Наставните програми опфаќаат развојни цели за циклусите во основното образование, општи цели за секое одделение и конкретни цели за секоја тема или програма. Покрај тоа, воведени се и повеќе нови предмети:
    - англиски јазик од I одделение како задолжителен предмет;
    - втор странски јазик од VI одделение како задолжителен предмет;
    - иновации во IX одделение како задолжителен предмет;
    - работа со компјутер и основи на програмирањето во III и IV одделение како задолжителен предмет;
    - творештво во IV и V одделение како изборен предмет;
    - информатика во VI и VII одделение како задолжителен предмет и во VIII и IX одделение како изборен предмет;
    - етика на религиите, запознавање на религиите, класична култура во европската цивилизација во VI одделение како изборни предмети;
    - албански јазик од VI одделение како изборен предмет;
    - јазик и култура на Ромите/Бошњаците/Власите како изборен предмет од III одделение;
    - други изборни предмети: нашата татковина; воспитание за околината; истражување на родниот крај; танци и народни ора; проекти од музичката уметност; проекти од ликовната уметност; техничко образование; проекти од информатиката; изборен спорт; унапредување на здравјето; вештини за живеење и програмирање.

69. Освен тоа, беше изготвена Програма за образование за животни вештини со прирачник, што е предвидено да се реализира на часот на одделенската заедница од II до IX одделение и опфаќа основни вештини за справување со предизвици од секојдневниот живот на учениците.

70. Од учебната 2013/2014 година воведена е ИБ меѓународна програма во одделенската настава во две основни училишта во Скопје (ООУ „Браќа Миладиновци“ во о. Аеродром и ООУ „Кирил и Методиј“ во о. Центар), а од учебната 2014/2015 година во истите две училишта воведена е ИБ програма во предметна настава.

71. Од учебната 2014/2015 година беше воведена прилагодена верзија на наставните програми според Меѓународниот центар за испитни програми од Кембриџ, Велика Британија, за математика и природни науки од I до VI одделение и математика и предметите од природните науки физика, хемија и биологија од VII до IX оддление. Учебниците за соодветните предмети беа одобрени во согласност со Концепцијата за изработка на учебник и Методологијата за вреднување на учебник.

72. Освен тоа, во периодот 2007-2015 година БРО изготви 26 прирачници и изведе 188 видови обуки за наставници, реализирани од страна на приближно 500 обучувачи.

73. Со владиниот проект Компјутер за секое дете, на секој ученик во основните училишта требаше да му се обезбеди пристап до компјутер за користење во наставата. Како дополнителна поддршка беше планирано и обезбедување напреносливи компјутери засекојнаставник и интернет до сите училишта.

74. Учениците со посебни образовни потреби можат да се запишуваат во редовни училишта (во редовни или во посебни паралелки) или во посебни училишта, зависно од видот и степенот на посебните образовни потреби. Одреден број на наставници се обучени за работа со овие категории ученици. Во формулата за обезбедување блок дотации се зема предвид и бројот на учениците со посебни образовни потреби (со попреченост).

75. Во соработка со БРО и граѓанскиот сектор, МТСП спроведува проект во 32 основни училишта за примена на асистивни технологии во наставата (со користење на специјални уреди, прилагодена стандардна компјутерска опрема итн.), со цел да им се овозможи на учениците со посебни образовни потреби (со попреченост) да користат компјутери.

76. Спроведено е истражување за работа со надарени и талентирани ученици во основните училишта. За учениците што освоиле награди на државни и меѓународни натпревари по математика и природни науки се определени посебни стипендии. Истовремено, законски се предвидени и задолжителни дополнителни програми за ученици со потешкотии во учењето и додатни наставни програми за учениците што покажуваат напредни успеси по одредени предмети.

77. Во 2012 година отпочна петгодишен проект за меѓуетничка интеграција во образованието. Целта на оваа иницијатива беше создавање потребна клима во општеството за постигнување одржлива меѓуетничка интеграција, не само во образовниот систем туку и во целото општество. Преку партнерска соработка со клучните образовни институции и локални невладини организации, активностите се фокусираа на учениците, родителите, наставниците, раководството, администрацијата и училишните одбори во сите основни и средни училишта.

78. Со цел обезбедување контрола на квалитетот во воспитно-образовните институции, во 2011 година ДПИ воведе индикатори за квалитетот на работата на училиштата што беа дополнувани во периодот 2012-2016 година. Со примената на овие индикатори, преку спроведување на интегрални евалуации во воспитно-образовните установи, се оценува квалитетот на воспитно-образовниот процес, се дефинираат силните и слаби страни во работењето и се даваат препораки за подобрување. Индикаторите исто така помагаат во постапката за спроведување на само-евалуација на училиштата. Во процесот на интегрална евалуација се врши и вреднување на работните должности на наставниците и стручните соработници, вклучени во воспитно-образовниот процес. За наставниците кои првпат се вработуваат воведени се: задолжително полагање тест на личноста и стручен испит за наставник.

79. Во изминатиот период беше предвидено и воведување на Програма за советување на родителите и Програма за советување на учениците.

80. Во 2013 година е воведен систем за надворешна проверка на постигнувањата на учениците (екстерно тестирање) по сите предмети од IV до IX одделение. Пред крајот на учебната 2016/17 година екстерното тестирање беше укинато.

81. Основните училишта од Република Македонија учествуваа во следниве меѓународни тестирања:
    - Студија за напредокот во описменување и читање на меѓународно ниво (ПИРЛС), за оценување на подготвеноста на учениците на возраст 9-10 години за читање и разбирање (2006 година);
    - Студија за трендовите во учењето математика и природни науки на меѓународно ниво (ТИМСС), за мерење на знаења и способности по математика и природни науки кај учениците од VIII одделение (2011 година).

**82.** Во 2015 година изготвен е Закон за наставници во основно и средно образование со којшто се дефинираат професионалните стандарди за наставниот кадар и кариерен развој.

83. Од септември 2015 година МОН обезбедува туторска поддршка на ученици Роми кои учат во 4, 5 и 6 одделение во основно образование во Република Македонија. Дополнителната образовна поддршка ја даваат тутори студенти на наставничките факултети во Република Македонија.

### 5.2.2. Предизвици

84. Основното образование се соочува со одреден број предизвици:
    1. Образовните постигнувања на учениците се загрижувачки ниски, што се покажува на резултатите на меѓународните тестирања.

2. Недостасуваат стандарди коишто би требало да ги дефинираат резултатите од учење во секој циклус (I, II, III) на основното образование, а наставниот план е преоптоварен. Наставните програми не се доволно релевантни за локалната средина. Во повеќето училишта недоволно или несоодветно се предава граѓанско образование, образование за животни вештини (ОЖВ), а претприемачките вештини се на ниско ниво и кај учениците и кај наставниците.
3. Во повеќејазичните училишта учениците се раздвоени според јазикот на којшто се одвива наставата (работат во различни смени, објекти, катови, различна администрација итн.), поради што немаат доволно можности за интеракција, недоволно е застапено мултикултурно/интеркултурно образование во наставните и воннаставните активности, како и во некои од учебниците. Самите наставници не промовираат доволно почитување на различностите и еднаквост (во однос на полова или етничка припадност, општествен статус, интелектуални и физички способности), како и на мултикултурализмот.
4. Мерките за надминување на поделбата по етнички линии во училиштата не се доволни и сегрегацијата во училиштата влијае на општествената кохезија и интеретничката интеграција.
5. Недостасува механизам којшто обезбедува етнички сегрегирани податоци за деца на училишна возраст кои не се вклучени во системот по различна основа, со вообичаено објаснување дека пречката е во заштитата на личните податоци. Но, законската регулатива не спречува собирање податоци по етничка основа заради подобрување на состојбите во образованието.
6. Голем број ученици Роми се надвор од образовниот систем. Евидентен е и голем процент на осипување од образованието и низок степен на писменост кај децата од ромска етничка припадност. Како најчести причини за оваа состојба се наведуваат: недоволното познавање на македонскиот јазик, нискиот степен на образование на родителите и лошата социо-економска состојба.
7. Децата со посебни образовни потреби не се доволно вклучени во редовното основно образование. Нивното вклучување во редовните училишта не е доволно уредено и не се воведени соодветни механизми за тоа. Освен тоа, постојат предрасуди кон овие деца кај родителите, наставниците и учениците. Исто така, наставниците не поседуваат доволно компетенции за работа со оваа категорија ученици.
8. Недостасуваат и соодветни системски решенија за идентификација и работење со талентирани ученици.
9. Малолетниците сместени во воспитно-поправните домови и бездомниците се исклучени од системот на основно образование, поради што и нивната интеграција во општеството е попречена. Нема ефикасен систем за образование, координација на активностите и следење на овие категории деца.
10. Нема доволно дидактички материјали и дидактички ресурси за наставата да се одржува на сите наставни јазици (во тој опфат спаѓаат и асистивни технологии за ученици со посебни образовни потреби) и специјализираните кабинети по одредени предмети не се целосно снабдени со наставни помагала. Повеќето од училиштата се незадоволително опремени со помагала за предметна настава, но и со дополнителна ИКТ опрема (на пр. LCD-проектори, смарт-табли итн.).

Современите наставни методи и техники не се применуваат доволно во пракса. Сеуште не постои електронска образовна платформа за учење.

11. Дел од одделенијата имаат преголем број ученици, а во некои општини не се почитува легислативата за реонизација, што е еден од најсилните фактори за сегрегација во основното образование. Ова дополнително се усложнува и со непочитувањето на правилата за безбедна и сигурна училишна средина во повеќе училишта.
12. Во однос на контролата на квалитетот, недостасуваат континуирани валидни информации за националниот образовен систем во меѓународни перспективи. Системот на екстерно тестирање применуван во периодот 2013 - 2017 не ги следеше стандардите за оценување на постигнувањата на учениците; проценката на квалитетот на наставните програми и оценувањето на постигнувањата на учениците не обезбедија конзистентност во однос на сите релевантни фактори. Начинот на примена на екстерното тестирање го пренасочи фокусот и на поучувањето од страна на наставниците и на учењето кај учениците врз меморирање на информации, наместо суштинско разбирање и поврзување на појавите. Според голем број од учесниците во образовниот процес, голема важност сеуште се придава на формалното планирање и составување извештаи, иако фокусот треба да биде на реализацијата на образовниот процес и постигнувањето на резултатите од учењето.
13. Не се спроведува професионална и кариерна ориентација. Често за учениците содржините што ги учат остануваат неповрзани со реалниот и професионалниот живот, тие не добиваат доволно информации коишто за нив ќе бидат релевантни, особено за техничките струки, и не добиваат поддршка да изберат стручни училишта и профили што се барани на пазарот на трудот.
14. Стручните служби не се екипирани со сите потребни стручни соработници, иако во изминатите две години се вработени голем број психолози, педагози и специјални едукатори во основните училишта. Значителен дел од работното време овие стручни соработници го поминуваат во административни активности за училиштето, неповрзани со нивниот профил. Оттука, иако училиштата имаат стручни соработници, во пракса, учениците и наставниот кадар не добиваат доволна поддршка од нивната примарна експертиза. Во некои случаи, стручните служби не ја следат етничката структура во повеќејазичните училишта.
15. Различните клучни заинтересирани страни не се во потполност информирани и вклучени во реформските процеси; проектните активности и иницијативи се претежно неодржливи. Истовремено, се воведуваат иновации без да бидат пилотирани и евалуирани во однос на нивните ефекти. Поддршката за демократско учество на учениците е недоволна во повеќето училишта.
16. Постојната формула за финансирање на основно образование треба да се ревидира за да вклучи и развојна компонента со којашто би се финансирал професионалниот развој на наставниците, би се овозможило воведување иновативни методи на работа со учениците, спроведување на акциски истражувања, реализирање на развојни проекти коишто ќе бидат во функција на подобрување на наставата, зајакнување на соработката со родителите, итн.

### 5.2.3. Приоритети и очекувани исходи

85. Стратешките приоритети за развој на основното образование во периодот до 2025 година и нивните соодветни резултати ќе бидат следните (што се подетално образложени, заедно со мерките, активностите и индикаторите, во соодветниот столб во Акцискиот план):

**Приоритет I. Подобрување на содржината на основното образование**

1.1. Резултатите од учење од секој циклус на основното образование се јасно дефинирани и значајни за реалната ситуација и потребите на учениците согласно нивната возраст и карактеристики[24]
1.2. Основното образование помага во развивање на клучните и генеричките компетенции, како способностите на учениците за критичко мислење и решавање проблеми, да ги почитуваат различностите и мултикултурализмот и да практикуваат и стекнуваат демократски вредности и вештини
1.3. Наставните планови и програми за сите одделенија се насочени кон постигнувањата на резултатите од учење коишто се определени со Националниот стандард
1.4. Учениците стекнуваат пошироко знаење и компетенции според нивните интереси, коишто се значајни за локалната средина
1.5. Учениците во основното образование имаат квалитетни и актуелни учебници како избор на применливи знаења коишто промовираат човекови права, почитување на различностите и демократските вредности

**Приоритет II. Зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста и интеретничката интеграција во основното образование**

1.1. Воспоставени се физичките услови коишто се неопходни за инклузија на учениците со физичка попреченост
1.2. Училиштата се инклузивна средина за учениците со различни видови посебни образовни потреби на кои им овозможуваат целосна поддршка;
1.3. Подобрена е ефикасноста од финансирањето на процесите за инклузија и учење на учениците со посебни образовни потреби
1.4. Подобрена е интеракцијата помеѓу учениците кои ја следат наставата на различен јазик
1.5. Унапредена е наставата што се одвива на помалку застапените наставни јазици и наставата по предметите коишто обезбедуваат учење за јазикот и културата на заедниците кои ја следат наставата на јазик различен од мајчиниот
1.6. Обезбедени се услови, децата сместени во воспитно-поправните домови, да

[24] При дефинирање на резултатите од учењето ќе треба да се внимава на вклучување на претприемачки вештини, согласно Стратегијата за претприемачко учење во РМ 2014-2020 и на 8 клучни компетенции коишто на ниво на ЕУ се дефинирани и се сметаат за неопходни за лично исполнување и развој

го продолжат (завршат) основното образование

1.7. Училишните обврзници што се надвор од училиштата се идентификувани, вклучени и следени до завршување на задолжителното образование

**Приоритет III. Подобрување на условите за учење и квалитетот во остварувањето на основното образование**

2.1. Воспоставени се подобрени услови за учење коишто овозможуваат поголемо внимание за секој ученик
2.2. Подобрена е ефективноста на процесот на одржување на наставата, без оглед на јазикот на којшто се одржува истата
2.3. Подобрени се постигнувањата на учениците по математика и природни науки
2.4. Училиштето е безбедна средина за учење од сите аспекти, како за наставниците така и за учениците (објекти за држење настава, помошни објекти, опрема за вежбање и материјали, асистивни технологии за учениците со посебни образовни потреби, стандарди за храна)
2.5. Учениците се добро информирани пред да донесат одлука за продолжување на образованието по завршувањето на основното образование
2.6. Зголемена е демократската партиципација на учениците во училиштата
2.7. Повратните информации од сите евалуации на постигнувањата на учениците овозможуваат да се носат одлуки, за образовните политики, засновани на докази
2.8. Обезбедени се емпириски податоци за математичката писменост и писменоста по природните науки кај учениците во основното образование споредени со меѓународни перспективи

**Приоритет IV. Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во основните училишта**

3.1. Подобрен е квалитетот на идните наставници
3.2. Наставниците приправници се стекнале со компетенциите предвидени со професионалните и националните стандарди
3.3. Наставниците и стручните соработници приправници ја добиваат поддршката којашто е неопходна за нивната секојдневна работа
3.4. Наставниците се мотивирани да постигнат подобри резултати на работното место
3.5. Професионалните компетенции на наставниците континуирано се подобруваат
3.6. Учениците и наставниците добиваат постојана поддршка од стручните служби

**Приоритет V. Зголемување на ефективноста на организирањето и управувањето со основното образование**

4.1. Подобрено влијание и одржливост на иновациите воведени во основното образование

**4.2.** Директорите на основните училишта ги исполнуваат минималните барања за професионални компетенции, со што се осигурува подобра средина за учење и култура, управување и раководење

## 5.3. ОПШТО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (гимназии, уметнички училишта и училишта за ученици со посебни образовни потреби)

### 5.3.1. Преглед на состојбата и досегашните активности

86. Од учебната 2007/2008 година, средното образование е задолжително за секој граѓанин во подеднакви услови утврдени со Законот за средното образование и согласно ова барање е усогласена и уписната политика во средните училишта. Со овој закон е овозможена хоризонтална и вертикална проодност на учениците. За да се овозможи еднаков пристап до квалитетно образование за сите ученици, обезбедени се бесплатни учебници, бесплатен превоз или бесплатно сместување во ученички домови.

87. Со цел промовирање на претприемничкото образование, согласно современите текови, подготвени се наставни програми за два задолжителни предмета во гимназиското и средното уметничко образование: бизнис и претприемништво (за IV година) и иновации и претприемништво (за I, II и III година). За изучување на англискиот јазик како прв странски јазик, а на германскиот, францускиот и рускиот јазик како втор странски јазик, воведени се нови наставни програми за I, II, III и IV година на средното образование. Исто така, донесена е наставна програма по новововедениот задолжителен предмет програмски јазици за III година на гимназиското образование и обновени се наставните програми по изборните предмети алгебра, линеарна алгебра и аналитичка геометрија за III година на гимназиското образование. Изменети се наставните планови и програми за средното уметничко образование.

88. Анализирани се наставните програми за средно образование по однос на застапеноста на мултикултурализмот во целите и содржините. Подготвена е наставна програма за образование за животни вештини и прирачник за нејзина реализација на класните часови.

89. Со цел промовирање здрава и безбедна средина за учење и намалување на училишното насилство, промовирање на ученичките права, демократските вредности, слободи и различности, спроведени се одреден број на вонаставни активности преку годишниот Акциски план на општините и Градот Скопје.

90. Формирана е Спортска академија и изготвени се наставни планови и програми за фудбал, кошарка, ракомет и тенис.

91. Донесен е посебен Закон за учебници за основно и средно образование и повеќе подзаконски акти со коишто целосно се регулира постапката за одобрување и издавање учебници, усвоени се соодветните подзаконски акти и формирана е Национална комисија за учебници. Истите содржат слабости коишто се посебен предизвик за идните реформи.

92. Од јануари 2013 до јануари 2017 година во сите средни училишта се применуваше систем на надворешна проверка на постигнувањата на учениците по сите предмети.

93. Преку процесот на децентрализација се обезбедуваат средства за целосно финансирање на училиштата. Овој систем се заснова на рационална распределба на наменска/блок дотација и дополнителни средства од буџетот на општините и Градот Скопје. Инвестирано е во јакнење на капацитетите на општините и Градот Скопје за управување и раководење на средните училишта, особено во смисла на финансирањето, следењето и приспособувањето на буџетот на училиштата.

94. Од 2008 година воведена е државна матура во гимназиско и средно стручно образование со четиригодишно траење, а од 2009 година и во средното уметничко образование. Со државната матура се очекува да се обезбеди контрола на квалитетот во средното образование, следење на реализацијата на наставните програми, заокружување на средното образование со соодветна диплома и да ја помогне селекцијата за универзитетско образование.

95. За да се олесни учењето математика во средното образование, подготвен е прирачник по математика за ученици на 15 – 16 годишна возраст, за нивните родители и наставници.

96. Направени се измени во Законот за средно образование со коишто се уредени самоевалуацијата и изработката на Програма за развој на училиштата, но воведена е и интегрална евалуација на училиштата што ја спроведува ДПИ. Воведено е задолжително полагање на стручен испит за наставник, како и тест на личноста за наставниот кадар, којшто беше оспоруван од стручната јавност.

97. Политиките на МОН за инклузија на учениците со посебни образовни потреби во редовниот образовен процес предвидуваат:
   - изготвување индивидуални образовни планови;
   - формирање инклузивен тим во средните училишта;
   - екипирање на стручната служба со педагози, психолози и специјални едукатори;
   - употреба на асистивни технолошки помагала и градење пристапни рампи во училиштата.

98. Изготвени се и нови наставни планови и програми прилагодени за учениците со оштетен вид и оштетен слух. Со оваа мерка на учениците со полесна попреченост им се овозможува, со завршување IV година од образованието, да полагаат прилагодена државна матура и да го продолжат образованието на високообразовните институции во земјата и странство.

99. Од 2009 година обезбедено е стипендирање и менторство/туторство на ученици Роми. Оваа иницијатива има за цел,  подобрување на проодноста и успехот на учениците Роми од сите образовни години, од сите јавни и приватни средни

училишта. За да се поттикнат учениците Роми да го продолжат своето образование во средните училишта,  олеснети се критериумите за упис за припадниците на оваа етничка заедница. Обезбедени се стипендии за ученици Роми од социјално загрозени семејства кои редовно ја посетуваат наставата, како и стипендии за ученици од социјално ранливи групи, талентирани ученици, спортисти, деца без родители и деца со посебни образовни потреби.

**100.** За учениците кои освоиле награди на државни и меѓународни натпревари по математика и природни науки, определени се посебни награди. Од учебната 2016/2017 година, предвидени се парични награди за учениците кои ќе освојат златен, сребрен или бронзен медал на некоја од 13-те меѓународни научни олимпијади за средношколци. Наградата, освен на ученикот, се исплаќа и на неговиот наставникот-ментор.

101. Со цел намалување на етничките предрасуди и подобрување на  познавањето на културата на учениците од различни етнички групи, дел од училиштата спроведуваат заеднички активности со ученици кои ја следат наставата на различни наставни јазици. За таа цел во рамките на училиштата се формираа Тимови за училишна интеграција за координирање и организирање на заедничките ученички активности и партнерската соработка.

102. Во 2000 и 2015 година, средните училишта во Република Македонија учествуваа во Програмата за меѓународно оценување на ученици (ПИСА) со којашто се мери колку учениците на возраст од 15 години се оспособени за читање со разбирање, се математички описменети и се описменети во областа на природните науки.

103. Други важни активности во секторот на средно образовние се:

- подготовка и спроведување на Програма за советување на родители и на Програма за советување на ученици;;
- промовирање на кариерното советување на учениците во училиштата, преку отворање кариерни центри во коишто работат обучени кариерни советници кои се дел од наставниот кадар во училиштата.

Во 2015 година изготвен е Закон за наставници во основно и средно образование со којшто се дефинираат професионалните стандарди за наставниот кадар и кариерен развој.

### 5.3.2. Предизвици

104. Анализата на ситуацијата доведе до утврдување на следните предизвици во областа на општото средно образование:

1. Наставните планови се преоптоварени и сеуште постојат наставни програми што се застарени и не овозможуваат континуитет на когнитивниот и социо-емоционалниот развој на учениците, не овозможуваат интегриран пристап во изучувањето на појавите, не ги развиваат доволно генеричките и клучните

компетенции, не ги поддржуваат модерните пристапи за одржување на наставата и не ги отсликуваат актуелните социјални процеси.

2. Дел од учебниците се застарени и содржат стереотипи, предрасуди, стигматизација и во нив недостасуваат елементи на коегзистенција, почитување на различностите, интеграција, мултикултурализам, што е дополнително комплицирано со демотивирачкото законодавство за изработка и ревидирање на учебници. Изработката и надополнувањето на учебниците со нови содржини е бавен и долг процес и не ги задоволува потребите на наставниот кадар за најнови содржини во одредени области, со што наставата застарува.
3. Мултикултурното/интеркултурното образование не е отсликано во наставните или воннаставните активности. Постојат и бариери коишто ја попречуваат интеграцијата на учениците кои учат на јазик поинаков од нивниот мајчин јазик; учениците кои учат на различен јазик во училишта во коишто наставата се одржува на повеќе јазици, се најчесто одделени во смени, згради, катови, па дури и со засебна училишна администрација. Истовремено, мотивацијата на училиштата и наставниците за осигурување на интеретничка интеграција и инклузивно образование е многу ниска, поради отсуството на мотивација или финансиска поддршка.
4. Дисперзијата на средните училишта е несоодветна (со особено слаба пристапност до училиштата во регионите) што е придружено со преголем број на ученици (до 40 во паралелка) во некои училишта или со премал број во други.
5. Физичкиот пристап (објектите, опремата за вежбање и останатата опрема) и дидактичко-методолошкиот пристап се многу слаби во повеќето средни училишта; условите за инклузија на учениците со посебни образовни потреби се исклучително ограничени – со оглед на тоа што значителен дел од учениците со посебни образовни потреби имаат пониски постигнувања, нивните можности за запишување во општо средно образование се многу отежнати и ограничени.
6. Наставниците не добиваат соодветна практична подготовка за време на иницијалната обука или практикантството; законски пропишаното полагање на тест на личноста е неоправдано и спорно од аспект на психолошката дејност, подложно е на злоупотреби и предизвика бројни контроверзии и незадоволство кај наставниците; нема доволно професионализам и политичка неутралност кај директорите на училиштата; стручните служби се недоволно екипирани според потребите на училиштата (на пр. според бројот на учениците, јазикот на којшто се одржува наставата), а воедно голем дел од нивното работно време е посветено на редовни административни активности на училиштето наместо во сферата на нивната експертиза; последниот фактор доведува до низок квалитет или барем до ограничен опсег на такви услуги, како што се поддршка на учениците со посебни образовни потреби, кариерното советување или насочувањето на надарените и талентираните ученици.
7. Проценката на квалитетот на наставниот план и програма и оценувањето на учениците не се конзистентни во смисла на сите релевантни фактори.
8. Реформите во областа на гимназиското образование не секогаш се кохерентни/конзистентни со реформите во основното образование, поради што преодот на учениците од основно во средно е исклучително стресен за учениците

и се одразува негативно на нивниот однос кон учењето и на нивните постигнувања.

9. Поддршката за демократско учество на учениците останува постојано незадоволителна.
10. Недостасуваат континуирани валидни информации за националниот образовен систем во меѓународни перспективи.

### 5.3.3. Приоритети и очекувани исходи

105. Следните приоритети коишто се опфатени од Стратегијата се определени за периодот до 2025 година (што се подетално образложени, заедно со мерките, активностите и индикаторите, во соодветниот столб во Акцискиот план) и треба да ги обезбедат следните соодветни исходи:

**Приоритет I. Подобрување на содржината на средното образование**

1.1. Резултатите од учење од средното образование се јасно дефинирани и значајни за реалната ситуација и потребите на учениците согласно нивната возраст и карактеристики и приоритетите за општествен развој на Република Македонија[25]

1.2. Средното образование придонесува кон познавање на човековите права, почитување на различностите и практикување на демократските вредности кај учениците

1.3. Сите наставни планови и програми се насочени кон тоа да ги постигнат резултатите од учење коишто се определени со Националниот стандард и да обезбедат континуитет со основното образование

1.4. Учениците од средното образование имаат квалитетни и актуелни учебници како извор на модерно и релевантно знаење и како алатка за промовирање на човековите права, почитување на различностите и демократските вредности

**Приоритет II. Зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во средното образование**

1.1. Воспоставени се физички услови за да се вклучат учениците со физичка попреченост

1.2. Воспоставена е административна и информативна основа за осигурување на инклузивно образование

1.3. Подобрена е интеракцијата помеѓу учениците кои следат настава на различен јазик

1.4. Обезбедени се услови учениците во воспитно-поправните домови да го продолжат (завршат) општото средно образование

---

[25]При дефинирање на резултатите од учењето ќе треба да се внимава на вклучување на претприемачки вештини, согласно Стратегијата за претприемачко учење во РМ 2014-2020 и на 8 клучни компетенции коишто на ниво на ЕУ се дефинирани и се сметаат за неопходни за лично исполнување и развој.

**Приоритет III. Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во средните училишта**

2.1. Професионалните компетенции на наставниците постојано се подобруваат; Наставниците се мотивирани да постигнат подобри резултати

2.2. Сите директори на средните училишта ги исполнуваат минималните барања за професионалните компетенции

2.3. Образованието е придружено со целосни стручни служби коишто се неопходни за квалитетен процес на учење и развој на учениците

2.4. Наставниците приправници ја добиваат неопходната поддршка за нивната секојдневна работа

**Приоритет IV. Подобрување на условите за учење и на квалитетот на образованието**

3.1. Воспоставени се подобри услови за учење коишто овозможуваат да се посвети повеќе внимание на секој ученик

4.2. Училишните објекти и времето на учениците по завршувањето на часовите се користат поефикасно

4.3. Зголемена е демократската партиципација на учениците во училиштата

4.4. Повратните информации од сите оценувања на успехот на учениците овозможуваат да се носат одлуки за политиките врз основа на докази

4.5. Обезбедени се валидни емпириски податоци за оспособеноста на учениците на возраст од 15 години (споредени со меѓународни перспективи) за влез во животот и продолжување на образованието или вклучување на пазарот на трудот

4.6 Талентираните ученици имаат можност за развивање на нивните потенцијали

## 5.4. СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

### 5.4.1. Преглед на состојбата и досегашните активности

106. Главната јавна установа надлежна за обезбедување на стручна поддршка за развивањето и континуираното иновирање во системот за СОО е Центарот за стручно образование и обука, основан во 2007 година. Општообразовните предмети во средните стручни училишта се во надлежност на БРО.

107. Потпишани се меморандуми за соработка помеѓу ЦСОО и институции и организации од Република Македонија и странство, засновани на Протоколот за социјално партнерство и Рамката за социјално партнерство, со цел интензивирање на соработката на сите клучни заинтересирани страни, за  нивно вклучување во изнаоѓање на решенија и изготвување на документи значајни за стручното образовние и обука.

108. Подготвени се Стандарди за реализација на практичната обука на учениците кај работодавачите, донесен е наставен план и програма за стручно - дидактичка обука на обучувачите од работодавачите кај коишто се реализира практична обука и реализирани се повеќе обуки на менторите од компании коишто ќе ги водат учениците во реализација на цели од практичната настава.

109. Во 2015 година започна нова етапа во модернизацијата на средното СОО преку проектот Развој на вештини и поддршка на иновации. Оваа иницијатива е насочена кон реформирање на четиригодишното техничко образование и вградување механизми за брзо реагирање на потребите на пазарот на трудот. Други очекувани резултати од овој проект се: анализа на потребите на системот за СОО и давање препораки за негова структурна реформа; изработка на Концепција за техничкото образование во Република Македонија; Методологија за изработка на Стандарди на занимања, ревидирање на постојните и изработка на нови Стандарди на занимања; Методологија за изработка на Стандарди за квалификации и наставни програми и планови базирани на резултати од учење; изготвување Методологија и инструменти за анализа на мрежата на средните стручни училишта во Република Македонија; проценка на мрежата на средните стручни училишта и доставување план за нејзина рационализација; изготвување план, програма и материјали за обука на наставници и директори на средните стручни училишта, како и вршење проценка на потребите за опремување на училишните кабинети за практична настава.

110. Изготвена е Методологија за изработка на Стандарди на занимања во 2009 година, истата е ревидирана во 2017 година со што е поставена основа преку којашто се дефинираат потребните знаења, вештини и компетенции за вршење на одредено занимање. На тој начин се очекува да се олесни и изготвувањето на програмите во формалното и во неформалното стручно образование и обука. Досега се изготвени

најмалу 90 стандарди на занимања. Но, процесите на досегашните реформи во СОО не биле целосно координирани и плански водени.

111. Изработени се нови урнеци за наставни планови и програми за реформираното тригодишно стручно образование, како и за Стандардите на занимања и Стандардите за квалификации. Паралелно со тоа, наставниците во СОО беа обучувани на теми како што се: користење современи методи во наставата, активно вклучување на учениците и поттикнување на нивната креативност. Посебен придонес во оваа насока дадоа проектите: "Поддршка за модернизацијата на системот за образование и обука„ и „Зајакнување на доживотното учење преку модернизација на стручното образование и обука и системот за образование на возрасни". Како излезни резултати се нови Стандарди на занимања, Стандарди за квалификации и наставни планови и програми што ги задоволуваат барањата на пазарот на трудот.

112. Во четиригодишното стручно образование англискиот јазик се изучува како прв странски јазик, а германскиот, францускиот и рускиот јазик се нудат како втор странски јазик во некои струки. За нив се воведени нови наставни програми за I, II, III и IV година на средното образование. Појдовната основа за изготвување на новите наставни програми е Заедничката европска референтна рамка за јазици, како ориентација во однос на нивоата на јазични компетенции коишто учениците би требало да ги стекнат на крајот од секоја година на средното образование.

113. За да се олесни учењето математика во средното образование, подготвен е прирачник по математика за ученици на возраст 15 - 16 години, за нивните родители и наставници. Беа одржани обуки за наставници, на коишто им беше претставена испитната програма и целите по предметот математика за државна матура и воедно им беше понуден и материјал за учениците за поуспешно да го положат испитот.

114. Со цел обезбедување кариерно насочување на учениците во училиштата, отворени се кариерни центри во коишто работат обучени кариерни советници кои се дел од наставниот кадар во училиштата. Нивната работа е поддржана со развиена и стандардизирана алатка – Батерија на инструменти за професионална ориентација (БИПО). Во сите стручни училишта нема кариерни центри и кариерни советници. Наставниците кои работат како кариерни советници се наставници од училишта кои се обучени преку проектот на УСАИД.

115. За да се подигне квалитетот на наставниот кадар изготвени се Професионални компетенции за наставници, стручни соработници и стручните соработници во струката во средните училишта, вклучени во реализација на практична настава на учениците. Со цел подигнување на квалитетот на нововработените наставници воведен е систем на задолжително полагање на стручен испит за наставник и тест на личност, којшто беше оспоруван од стручната јавност, како и проверка на подобноста на наставникот за работа со деца и адолесценти.

116. Направена е анализа на потребите од вештини на пазарот на трудот, со што се добиени информации од работодавачите за потребите од нови вработувања во периодот 6 - 12 месеци. Целта на истражувањето беше да се зголемат сознанијата за состојбите и очекуваните промени на пазарот на трудот, за потребите од занимања на планираните нови вработувања, за потребите од вештини со коишто треба да располагаат кандидатите за планираните нови вработувања, за потребите од работници со одредени занимања за коишто работодавачите почувствувале недостаток при пополнување на слободните работни места. Истражувањето и анализата на потребите од вештини на пазарот на трудот обезбедуваат одредени краткорочни показатели за очекувањата на работодавачите во однос на новите вработувања и потребите од вештини што ги прават барателите на работа конкурентни на пазарот на трудот.

117. За да се овозможи зголемување на вработливоста на невработените лица преку стекнување знаења и вештини за занимања барани на пазарот на трудот, спроведени се обуки за задоволување на побарувани занимања на пазарот на трудот. Програмата за обука е реализирана во период од четири месеци кај верификуван спроведувач на обука, што вклучува и работа во реални услови кај работодавач. По завршување на обуката и проверката на стекнатите знаења и вештини, учесниците добиваат соодветна потврда за стекнатите знаења.

118. Во 2010 година, од страна на ЦСОО во координација со други релевантни институции, е изготвена Концепција за постсредно образование, којашто е донесена од страна на Министерот за образование и наука.

119. Од јануари 2013 до јануари 2017 година во сите средни училишта се применуваше систем на надворешна проверка на постигнувањата на учениците по сите предмети.

120. Во 2000 и 2015 година, средните стручни училишта (заедно со другите средни училишта) учествуваа во студијата ПИСА со којашто се мери колку учениците на возраст од 15 години се оспособени за читање со разбирање, се математички описменети и се описменети во областа на природните науки.

### 5.4.2. Предизвици

121. Во стручното образование и обука треба да се земат предвид следните предизвици:

1. Стручното образование и понатаму не привлекува доволен број ученици (освен одредени струки во областите на здравството, економијата и правото), особено кога се работи за двегодишното/тригодишното стручно образование. Сеуште не е воспоставен современ систем на постсредно образование, а капацитетите на системот на СОО за обезбедување на инклузивно образование се мошне ограничени. Бројот на стручни предмети во наставниот план е најнизок во Европа, околу 52% (наспроти 70% во Европа) и најголем број на општи предмети во стручното (околу 42%) со што стручното образование е повеќе општо – образовно. Исто така бројот на часови практична обука е исклучително низок, во просек 20 -

30% наспроти европскиот тренд од над 60%. Пристапот кон СОО, а со тоа и програмите, се недоволно флексибилни за да се адаптираат на брзите технолошки промени. Процесот на иновирање на една програма, од развивање на програмата, нејзино усвојување, до моментот кога првата генерација ученици ќе ја завршат, секогаш е далеку побавен од промените во технологијата, а со тоа и од промените на пазарот на трудот. Оттука, за да може СОО релевантно во континуитет да одговара на потребите на пазарот на трудот, поставеноста на СОО, програмите и обуката и наставници нужно треба да биде флексибилна, базирана на континуирано прилагодување на новините. Во таква консталација, за да можат учениците во СОО да одговорат на барањата на пазарот на трудот, нивна појдовна основа нужно треба да бидат развиени генерички и клучни компетенции. Со така развиени компетенции - како на пример, критичко мислење, решавање проблеми, да се учи како да се учат нови информации и вештини и како да се применнуваат во практични ситуации, иновативност и претприемништво - учениците многу полесно и поефикасно ќе се прилагодуваат на брзите промени на пазарот на трудот.

2. Се забележува несовпаѓање меѓу понудата на кадри од системот за СОО и побарувачката на пазарот на работна сила. Системот за воведување на нови квалификации во стручното образование и обука е нефлексибилен и неделотворен, а соработката со бизнис секторот за конкретна практична обука на учениците и учење преку работа е недоволна и неефикасна. Стандардите на занимања, како почетна основа за соодветно и актуелно стручно образование, недоволно се иницирани од страна на бизнис заедницата и процедурите за нивно изготвување се недоволно продуктивни.
3. Се забележуваат значителни недостатоци во знаењата на наставниците за современите технологии поврзани со наставните предмети, а таа состојба дополнително ја усложнуваат и ниската мотивираност на наставниците и недоволно развиениот систем за стручно усовршување и напредување во кариерата, а токму од тие причини преовладува традиционалниот приод кон водењето на образовниот процес.
4. Работодавачите не се доволно мотивирани да примаат ученици на практична обука бидејќи, иако Законот за СОО предвидува право на работодавачот кој прима ученици на практична обука, да се стекне со финансиски, царински и даночни олеснувања, во пракса не се операционализирани тие одредби од законот.
5. Дел од директорите на училишта за СОО не го достигнуваат потребното професионално ниво за таа функција, што негативно влијае врз делотворноста на установите за СОО, од коишто повеќето не се целосно екипирани со стручни и помошни служби (на пр. администратор за ИКТ, советник за кариера, итн.). Недостасува примена на стандардите за професионален и кариерен развој на директорите и стручните соработници во училиштата.
6. Системот за обезбедување на квалитет во средните стручни училишта е во рана етапа на развој. Недостасуваат континуирани валидни информации во рамки на образовниот систем на национално ниво и за националниот образовен систем во меѓународни перспективи. Законски пропишаното полагање на тест на личноста,

коешто е спорно од аспект на психолошката дејност, предизвика бројни контроверзии и незадоволство кај наставниците.

7. Голем процент ученици од маргинализираните групи се запишуваат во СОО кадешто се забележува нивна недоволна интеграција, квалитетна инклузија и мултикултурализам, а особено кога се работи за ученици Роми и за учениците со посебни образовни потреби.
8. Ограничен е обемот на занимања што се нудат за учениците сместени во воспитно-поправните домови.

### 5.4.3. Приоритети и очекувани исходи

122. Унапредувањето на секторот за стручно образование и обука ќе се заснова на следните приоритети и очекувани исходи што се подетално образложени (заедно со мерките, активностите и индикаторите) во соодветниот столб во Акцискиот план:

**Приоритет I. Усогласување на стручното образование и обука со потребите на пазарот на трудот**

1.1. Системот на СОО брзо се приспособува на променливите потреби од вештини на пазарот на трудот
1.2. Учењето во рамки на системот за СОО е организирано на пофлексибилен и поефективен начин, во однос на стекнување компетенции и е насочено кон постигнување на резултати од учењето кои се дефинирани со Стандардите
1.3. Процесот на одлучување и развојот на системот за СОО се поддржани од поголем број на клучни заинтересирани страни, вклучувајќи ја и бизнис заедницата
1.4. Системот за СОО е постојано информиран за најновите побарувања од работна сила, како и за квалификациите и вештините коишто се потребни за развој на политиката на СОО
1.5. Информациите од следењето на учениците кои го завршиле своето образование за нивното идно образование или вработување (напредување во кариерата), овозможуваат да се носат одлуки за образовни политики коишто се засновани на докази
1.6. Постсредното образование е реформирано во согласност со Македонската рамка за квалификации (МРК)

**Приоритет II. Подобрување на средината за учење и квалитетот на стручното образование и обука**

1.1. Подобрена е ефикасноста и ефективноста на системот за СОО, во однос на трошоците и релевантноста за локалните, регионалните и националните пазари на трудот
1.2. Процесот на поучување и учење е поддржан со сите неопходни средства за да се постигнат зацртаните резултати од учењето
1.3. Компетенциите на учениците кои завршуваат СОО се во согласност со барањата на работодавачите и се компатибилни со насоките утврдени во ЕКАВЕТ;

1.4. Учениците во СОО стекнуваат практични вештини релевантни на вистинските потреби во работните средини
1.5. Бизнис заедницата активно учествува во спроведувањето на СОО
1.6. Повратните информации од сите оценувања на успехот на учениците овозможуваат да се носат одлуки за политиките врз основа на докази
1.7. Обезбедени се валидни емпириски податоци за оспособеноста на учениците на возраст од 15 години (споредени со меѓународни перспективи) за влез во животот и продолжување на образованието или вклучување во процесот на пазарот на трудот
1.8. Ефикасноста на реформите на СОО е обезбедена преку централизација на инвестициите и концентрација на резултатите
2.8. Се промовира воведување и дисеминација на СОО иновации базирани на најдобри домашни и меѓународни практики

**Приоритет III. Зголемување на опфатот во стручното образование и обука**

3.1. Учениците кои завршуваат СОО се оспособени да носат информирани одлуки за образованието или насоката на нивната кариера
3.2. Во системот за СОО се запишуваат поголем број ученици кои подобро напредуваат во учењето
3.3. Генерално е подобрена привлечноста и почитувањето на стручните дејности и на СОО
3.4. Обезбедени се услови за вклучување на учениците од воспитно - поправните домови во стручното образование и обука

**Приоритет IV. Подобрување на капацитетите на човечките ресурси**

3.1. Професионалните компетенции на наставниците постојано се подобруваат
3.2. Наставниците се мотивирани да постигнуваат подобри резултати
3.3. Директорите на сите училишта за СОО ги исполнуваат минималните барања за професионални компетенции
3.4. Образованието и обуките се придружени со целосни стручни служби, коишто се неопходни за квалитетен процес на учење и развој на учениците

## 5.5. ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ, ИСТРАЖУВАЊЕ И ИНОВАЦИИ

### 5.5.1. Преглед на состојбата и досегашните активности

123. Главниот правен акт за секторот за високо образование е Законот за високото образование (2008 година) којшто меѓу другото содржи и одредби за усогласување на високото образование на земјата со Болоњскиот процес и Европскиот систем за пренос на кредити, а исто така обезбедува и законска основа за статусот на наставниот кадар и мобилноста на студентите. По усвојувањето на Законот, истиот е менуван дваесетина пати, при што примената на некои измени се одложуваше повеќе пати, со што се создаде правна конфузија околу моментот на важење на одредени негови одредби. Воедно, многу од измените на Законот за високо образование беа критикувани од академската заедница – професорите и студентите, заради тоа што содржеа ограничување на автономијата на универзитетот и беа повод за масовни протести во Република Македонија.

124. Законот за научно-истажувачката дејност (2008 година) ги уредува односите во сферата на научните истражувања и меѓународната соработка, во делот на пренос на знаења, истражувања, обука и примена. Во 2013 година, донесен е Законот за иновациска дејност согласно којшто е основан Фонд за иновации и технолошки развој (ФИТР) што е надлежен за промоција и зајакнување на иновациите.

125. Основани се три нови државни универзитети: „Гоце Делчев" во Штип (2007 година), Универзитетот за информатички науки и технологии во Охрид (2009 година) и „Мајка Тереза" во Скопје (2016 година). Освен тоа, во 2010 година ВРМ донесе две одлуки: Одлука за намалување на партиципацијата за студирање на јавните универзитети и Одлука за олеснување на пристапот до универзитетите за лицата постари од 30/35 години (пониска партиципација и статус на вонредни студенти).

126. Од 2010 година наваму МОН обезбедува стипендии за додипломски, магистерски и докторски студии во странство, за кандидатите кои се примени на првите 100 рангирани универзитети на Шангајската листа, и тоа во областите: правни науки, технички науки, архитектура, градежништво, математика, економија и финасии, физика, биологија, хемија и генетика.

127. Обезбедувањето и оценувањето на квалитетот во високото образование согласно постојниот Закон за високото образование му е доверено на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование (ОАЕВО), којшто е основан во 2011 година и се состои од 23 членови. Во привичната верзија на овој Закон беа предвидени Одбор за акредитација и Агенција за евалуација, за подоцна истите да се спојат  во едно тело. Ова тело ги опфаќа следните активности: одобрување и признавање на високообразовни установи и студиски програми, оценка на квалитетот на високото образование, управување, финансирање, академски и други активности.

128. Во рамките на овој сегмент беше и воведувањето на контраверзниот државен испит, чија примена беше одложена и истиот до овој момент не е спроведен. Исто така, Законот за високото образование предвидува и формирање на национален совет, но истиот никогаш не е формиран.

129. Во 2013 година е усвоен Правилник според којшто сите високообразовни установи основаа свои Одбори за доверба и соработка со јавноста (ОДСЈ), со цел обезбедување квалитет преку разгледување на мислењата и препораките на сите клучни заинтересирани страни за развојот на установата. Во учебната 2015/2016 година се спроведе третото рангирање на високообразовните установи коешто се вршеше според 21 показател на академскиот успех и конкурентност, а се однесуваат на клучни аспекти на нивните активности како што се наставата, истражувањата и општествената димензија.

130. Постапката за признавање и еквиваленција уредена во Законот за високото образование во периодот кој претходеше на оваа стратегија подлежеше на неколку промени. Исто така, Законот ги уредува во една целина двата вида на признавање на квалификации (стручно и академско). Се очекува дека Македонската рамка на квалификациите (МРК; според Законот за НРК), чиешто воведување е во тек, ќе го олесни валидирањето на квалификациите стекнати во други земји (и обратно) и ќе ја подобри мобилноста на работната сила.

131. Од 2016 година отпочнат е процес на ревидирање на моделот на финансирање на високото образование, со цел подобрување на ефикасноста со која се распределуваат финансиски средства на универзитетите.

132. Од 2010 година се почнати неколку проекти: набавка на лаборатории со современа техничка опрема за научни истражувања и применети активности за јавните универзитети; беше изработен портал www.nauka.mon.gov.mk со база на податоци за научни установи, истражувачи и истражувачки лаборатории, беа обезбедени „научни субвенции" за автори на научни трудови објавени во меѓународни списанија со импакт фактор, 1000 стручни книги и учебници користени на најпрестижните светски универзитети беа преведени, но преводите најчесто беа со лош квалитет, поради што најголем дел од книгите се неупотребливи. Исто така, дел од лабараториите кои беа наменети за високообразовните институции беа отстапени на други институции, надвор од образованието и во моментов се предмет на постапка пред надлежните јавни обвинителства.

133. Од 2013 година МОН обезбедува неповратна помош за наставниците и соработниците од високообразовните и научните установи за изведување на три видови креативни активности во областите на ликовната уметност и архитектурата, драмските уметности, музичките уметности, филмот и литературата:

- учество или изведба на фестивал – член на Европската асоцијација на

фестивали;
- учество како претставник на државата во проект или манифестација во странство;
- учество во меѓународен проект и манифестација надвор од земјата.

134. Согласно одлука на Влада, од 2015 година МОН преку Управата за развој и унапредување на јазиците на припадниците на заедниците почна да доделува стипендии за студенти Роми. Целта на оваа мерка е да се поттикнат Ромите да се запишуваат на факултети коишто продуцираат наставнички кадар. Оваа мерка е во согласност со Акцискиот план за образование 2014 – 2020 година којшто е дел од Националната стратегија за вклучување на Ромите во Македонија.

135. Во 2014 година Република Македонија, заедно со четири други западнобалкански земји, се приклучи кон програмата Хоризонт 2020 и стана придружна членка со еднакво учество во сите сегменти на седумгодишната програма на ЕУ за истражувања и иновации, којашто овозможува мобилност за истакнатите научници, ги зајакнува домашните системи за истражувања и им помага на земјите да се интегрираат во европските истражувачки активности.

136. Во 2015 година ФИТР почна да ги користи инструментите за обезбедување на неповратна помош за кофинансирање на: (1) новоосновани „старт-ап“ и „спин-оф“ трговски друштва; (2) комерцијализирање на иновации; (3) трансфер на технологии; и (4) основање, работа и вложувања во деловни технолошки акцелератори. Досега неповратна помош добиле 37 проекти во областите: ИКТ, машинство и електроинженерство, земјоделство, производство на минерали, креативни индустрии и градежништво.

### 5.5.2. Предизвици

137. Во високото образование постојат многу предизвицие коишто влијаат на овој сектор:

1. Недоволниот квалитет на одредени факултети и универзитети е проследен со нецелосно функционален систем за акредитација и евалуација на универзитети; еден дел од студиските и предметните програми не одговараат на потребите на пазарот на трудот; сеуште се појавуваат феномени како што е плагијаторството во пишаните дела на студентите и професорите; системот за практична обука на студентите е несоодветен. Одборот за акредитација и евалуација, како тело, не овозможува ефикасност и функционалност. Поради тие причини потребно е ова тело да биде реформирано, преку создавање на засебни тела за акредитација и евалуација на високото образование. Во однос на акредитираните програми не постојат ефикасни механизми коишто овозможуваат проверка на почитувањето на критериумите за акредитација во периодот по акредитирањето на студиската програма. Во таа насока, не постојат анализи за следење на исполнетоста на критериумите од моментот на акредитација на студиската програма до моментот на реакредитација.

2. Не е обезбеден систем за редовна контрола на квалитетот. Беше воведен модел на државен испит. Овој модел беше спротивен на начелата на високото образование и директно влијаеше врз академската слобода на универзитетите. Дури и од процедурален аспект, моделот беше неефикасен и противречен, односно тешко спроведлив. Од тие причини моделот на државен испит не беше спроведен никогаш.

3. Постапката за признавање на високо образовни квалификации е сложена и комплицирана. По правило истата трае многу долг период и е оптоварена со многу административни барања.

4. Генерално, високообразовниот систем има премногу регулативи што се одразува на автономијата во функционирањето на универзитетите. Истовремено, раководењето на универзитетите/факултетите не е доволно партиципативно, со голема концентрација на моќта на одлучување во раководните структури, а учеството на студентите во управувањето на универзитетите сеуште е номинално и повеќе е формално. Националниот совет како самостоен стручен орган е предвиден во постојниот Закон за високо образование, но воопшто не е конституиран и во моментов не постои орган којшто би ги извршувал неговите надлежности. Потребата од постоење на самостоен и стручен орган чиишто надлежности се во областа на осигурување, оценување, развој и унапредување на квалитетот во високото образование е повеќе од неопходен. Постои потреба од конституирање на овој орган, но и зајакнување на неговата структура и надлежности особено во областа на финансирањето на високото образование. Во насока на поттикнување на студентите, Националниот совет треба да има надлежности во донесувањето на мерила и критериуми за стимулирање на талентирани студенти и за стипендирање на студенти кои постигнуваат натпросечни резултати во студиите.

5. Фокусирање на можностите за соработка помеѓу универзитетите без притоа да се прават поделби на јавни и приватни универзитети како што е тоа случај со Ректорската конференција на јавни, односно приватни универзитети како форма на соработка. Во таа насока, потребно е да се зајакне улогата на Интеруниверзитетската конференција и јасно да се дефинираат надлежностите коишто ги има Интеруниверзитетската конференција како дел од процесот на разгледување и усогласување на прашањата од заедничко значење.
6. Реформата на високото образование во Република Македонија треба да опфати и реформа на студентското организирање во рамките на универзитетите, коешто треба да биде потранспарентно и во прв план ќе ги има интересите на студентите.

7. И покрај тоа што критериумите за упис на универзитетите се ниски, пристапот до високото образование за различни ранливи групи е ограничен, дури и нема доволно информации за можностите за нивно запишување на универзитетите.
8. Се продолжува со експанзија на студиските програми без соодветна анализа на потребите на пазарот на трудот и на капацитетите за нивна реализација.
9. По однос на прашањата поврзани со содржината и вреднувањето на студиските програми постои неприлагоденост на соодносот на задолжителните и изборните предмети во однос на спецификите и потребите на различните студиски програми.
10. Државата и универзитетите не нудат доволно можности за професионална надградба на вработените, развој и мобилност на академските кариери и финансиска поддршка за истражувања; на универзитетите недостасува млад кадар поради законската рамка и необезбедено финансирање на нови работни позиции; соодносот студент - наставник на некои факултети е многу висок.
11. Во различни сфери на високото образование постојат проблеми како што се: тешкотии со издавање на додаток на диплома, недоволно можности за учење на далечина поради нецелосна законска рамка и слаб развој на онлајн платформи за учење, недефинирани критериуми за финансирање на високото образование, реално отсуство на трипартитна соработка помеѓу државата, академијата и бизнис заедницата.
12. Финансирањето на истражувањето останува на незадоволително ниво што значително придонесува за несоодветната инфраструктура на научно-истражувачките центри при универзитетите; приоритетните тематски области на истражување не се реформирани; пристапот до глобални научни податоци е ограничен; не постои оперативен механизам за комерцијализација на иновативни решенија.

### 5.5.3. Приоритети и очекувани исходи

138. Ова се следните приоритети и исходи (што се подетално образложени, заедно со мерките, активностите и индикаторите, во соодветниот столб во Акцискиот план) кои се очекува да се постигнат за овој столб:

**Приоритет I. Обезбедување квалитет и ефективност на високото образование во согласност со европските добри практики**

1.1. Направено е редефинирање и надградба на телата за акредитација и евалуација на високото образование
1.2. Воспоставени се предуслови за евалуација на квалитетот на високото образование
1.3. Воспоставени се предуслови за обезбедување контрола на квалитетот на универзитетите
1.4. Воспоставени се предуслови за ефективно функционирање на органот надлежен за акредитација на студиските програми

1.5. Воспоставени се предуслови за ефективно функционирање на органот надлежен за евалуација на студиските програми
1.6. Подобрена е ефикасноста и ефективноста на системот за високо образование, во смисла на трошоците и релевантноста за локалниот, регионалниот и националниот пазар на труд
1.7. Студентите стекнуваат практични вештини коишто се релевантни за реалните барања на работните места
1.8. Дипломираните студенти се способни да носат информирани избори за кариерата
1.9. Зголемена е ефикасноста на процесот на учење на универзитетите преку посветување на поголемо внимание на секој студент

**Приоритет II. Унапредување на содржината во високото образование**

1.1. Воспоставени се минималните предуслови за содржината и исходот од високото образование
1.2. Проширена е можноста за избор на наставни предмети преку замена на универзитетската листа на изборни предмети со можност да се вклучат изборни предмети од другите единици на универзитетот
1.3. Информациите за понатамошното образование и/или вработување на дипломираните (напредување во кариерата), овозможуваат да се носат одлуки за политиките коишто се засноваат на докази
1.4. Подобрен е академскиот развој и мобилноста на универзитетскиот кадар и студентите во контекст на Европскиот високообразовен простор и меѓународната високообразовна средина
1.5. Системот за високо образование постојано е информиран за најновите побарувања од квалификации и вештини коишто треба да се користат за развивање на политиката за високото образование

**Приоритет III. Подобрување на достапноста и системот за запишување во високото образование**

2.1. Подобрена е достапноста на високото образование за физичка попреченост
2.2. Студентите имаат пристојни услови за сместување во студентските домови

**Приоритет IV. Подобрување на раководењето и финансирањето на високото образование**

3.1. Управувањето и раководењето со универзитетите се демократизирани и зголемена е нивната ефективност
3.2. Загарантирана е автономијата на универзитетот
3.3. Конституиран е Националниот совет за високо образование, зајакната е неговата структура и надлежности, особено во областа на финансирањето на високото образование. Во насока на поттикнување на студентите, Националниот совет има надлежности за донесување на мерила и критериуми за стимулирање на талентирани студенти и за стипендирање на студенти кои постигнуваат натпросечни резултати во студиите
3.4. Зголемено е функционалното учество на студентите во процесите на

одлучување на ниво на универзитетите и единиците. Студентското организирање е засновано врз начелата на демократското учество на студентите и транспарентност во работата, а студентските тела (студентски собранија) се во состав на универзитетите и единиците со што се функционално интегрирани во дејноста на универзитетите и единиците

3.5. Зацврстена е соработката на универзитетите со клучните заинтересирани страни (бизнис заедницата, ОАЕВО и универзитетскиот Сенат)
3.6. Зголемена е ефикасноста на искористувањето на финансиските ресурси коишто се определени за високото образование
3.7. Воспоставени се услови за зголемување на инвестициите во високото образование

**Приоритет V. Поддржување на истражувањата и иновациите**

4.1. Воспоставена е одржлива поддршка и насоченост на истражувањата и иновациите
4.2. Зголемена е ефикасноста на искористувањето на финансиските ресурси определени за истражувања и иновации;
4.3. Научните истражувања се во согласност со современите потреби за развој на технологијата

## 5.6. УЧЕЊЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ

### 5.6.1. Преглед на состојбата и досегашните активности

139. Законот за образование на возрасни се усвои во 2008 година, по што следуваа донесувања (или измени) на повеќе подзаконски акти со коишто се уредуваат постапките за верификација на програмите за образование на возрасни (неформално образование), стандардите за простории, опрема и персонал за установите за образование на возрасни. Во 2011 година беше донесен уште еден правен акт поврзан со оваа област, односно Законот за отворените граѓански универзитети за доживотно учење.

140. Според законите, за стратешките прашања поврзани со развојот на образованието на возрасни надлежен е Советот за образование на возрасни. Центарот за образование на возрасни, којшто е основан во ноември 2008 година и којшто профункционира во јуни 2009 година, има дефинирана мисија да промовира систем за функционално образование на возрасните (согласно стандардите на ЕУ) што овозможува висококвалитетно учење за стекнување на квалификации, зголемување на вработеноста и развивање на претприемништвото, исполнување на потребите на пазарот на работна сила, придонесување кон економскиот, општествениот и личниот развој на поединците.

141. Приоритетите во секторот се дефинирани во Стратегијата за образование на возрасните. Усвоени се и два концепциски документи коишто содржат насоки за вклопување на неформалното образование во системот на образование и обука и ги дефинираат условите за подобрување на основното образование на возрасни. Овие активности беа придружени со усвојувањето на прирачници за верификација на посебни програми за возрасни и верификација на установи за образование на возрасни во 2011 година. Освен тоа, во 2013 година беше изготвен Правилник за верификација на установи за образование на возрасни. Од 2012 година верифицирани се 77 установи за образование на возрасни. Во процесот на востановување на НРК беше изготвен каталог на квалификации што може да се стекнат преку образование на возрасни, со упатување на Европската рамка.

142. Во 2012 година отпочна процесот на верификација на посебни програми за образование на возрасни (програми за неформално учење) со коишто се стекнува квалификација или делумна квалификација. Овие програми се изработени во согласност со Стандардите на занимања, коишто во моментов ги има приближно 265 на број. Освен тоа, од 2014 година наваму верифицирани се 35 посебни програми за стекнување на специфични знаења, вештини и компетенции.

143. Во моментов верифицирани (акредитирани) се 77 даватели на неформална обука и дозволено им е да издаваат сертификати признаени во државата. На двете установи коишто беа верифицирани за овозможување на програми за обука на возрасни им е

истечена верификацијата. Од 2012 година околу 40 учесници станале професионални обучувачи.

144. На возрасните им се нуди широка лепеза на програми за учење. Поточно, од 2010 година приближно 2 000 возрасни лица (со завршено само основно образование) учествуваа во различни програми на ниво на средно стручно образование во шест општини; од 2010 до 2015 година, во рамките на Оперативниот план за активни мерки на пазарот на труд и програми за вработување преку Агенцијата за вработување беа обучени 1 190 невработени лица за занимања што се бараат на пазарот на работна сила.

145. Со цел обезбедување квалитет на образованието на возрасни, во 2013 година, воспоставен е систем за надзор врз давателите на обуки.

146. Согледувајќи ја важноста на јавната свест за можностите и придобивките од образованието на возрасни, во изминативе две години беа изведени повеќе промотивни активности. Од 2012 година редовно се организираат Денови на образование на возрасните за промоција на концептот на доживотно учење како образование што се стекнува во текот на целиот живот, без оглед на возраста, половата или етничката припадност и со цел подигнување на свеста кај граѓаните за важноста на образованието на возрасните.

147. Во 2016 година започна проект за зајакнување на системот за доживотно учење преку модернизација на стручното образование и обука и на образованието на возрасните, којшто резултираше со изготвување на Стратегија за образованието на возрасни, Стратегија за доживотно учење, 15 нови програми за обука на возрасните, повеќе од 40 сертифицирани обучувачи за возрасни, како и предлог – модел за јакнење на мрежата на работничките универзитети во земјава, како двигател на локалниот економски равој, и предлог измени во законската регулатива за нивно функционирање по терк на најдобрите германски и европски практики.

### 5.6.2. Предизвици

148. И покрај тоа што се направени подобрувања во секторот за учење и образование за возрасни, сепак треба да се вложи голем труд за да се опфатат следните предизвици:

1. Програмите коишто се насочени кон искоренување на неписменоста на возрасното население имаат прилично ограничен опфат. Актуелниот систем за основно образование за возрасните е ригиден, долготраен и неефикасен, без можности на возрасните да им се признае претходното учење и да се вклучат на соодветното ниво. Тоа влијае демотивирачки и огромен број возрасни без комплетирано основно образование се оставени надвор од овој процес, без можност за стекнување квалификации и влез на пазарот на трудот.

2. Постои неусогласеност помеѓу побарувачката и понудата на образование на возрасни којашто е резултат од недостатокот на информации за потребите од работната сила најмалку на среден и долг рок.
3. Ниската свест на населението за можностите и придобивките од образованието на возрасни лица придонесува кон ниска мотивираност на возрасните да учествуваат во доживотното учење, додека друга причина за тоа е отсуството на систем за валидирање на неформалното и информалното учење (ВНИУ).
4. Освен компаниите што не се запознаени со привилегиите од спроведувањето на учење преку работа, практичната обука или стажирањето, исто така и работниците не се доволно запознаени со нивните образовни права и обврски.
5. Нема сеопфатен систем за финансирање на образованието на возрасните во земјата, а исто така работодавачите немаат никаква финансиска мотивација да инвестираат во образованието на возрасните лица.
6. Генерално, нивото на соработка со различни клучни заинтересирани страни (на пр. со Локалните економски и социјални совети) е ниско, има сериозни тешкотии со учеството на бизнис заедницата при дизајнирањето на програми за образование на возрасни, особено во поглед на резултатите од учење.
7. Не постои систем за собирање и обработка на статистички податоци, докази и анализи за образованието на возрасните.
8. Незадоволителна е контролата на квалитетот при спроведувањето на образованието на возрасни лица од страна на сертифицираните даватели.
9. Незадоволителна е контролата на квалитетот при спроведувањето на образованието на возрасни лица од страна на сертифицираните даватели. Недостасува единствен регистер за издавање на цертификатите од страна на давателите на обуки, не се дефинирани прописи за учеството во телата што одобруваат програми или вршат тестирања или акредитираат даватели на обуки како и прописи за регулирање на критериумите за давателите на услуги.
9. Мал број акредитирани даватели на услуги коишто делуваат комерцијално и имаат поддршка од локалната самоуправа нудат курсеви во текот на целата година со различен опфат, не само стручно усовршување, туку и обуки од уметнички, социјални и културолошки аспекти за целата локална заедница.

### 5.6.3. Приоритети и очекувани исходи

149. Наведените приоритети и нивните соодветни исходи (што се подетално образложени, заедно со мерките, активностите и индикаторите, во соодветниот столб во Акцискиот план) коишто се наведени во оваа Стратегија, се определени за да придонесат кон унапредување на учењето и образованието за возрасни до соодветното ниво на развој:

**Приоритет I. Зголемување на квалификациите на возрасните (знаења, вештини**

**и компетенции)**

1.1. Сите граѓани имаат можност да ги валидираат знаењата, вештините и компетенциите коишто ги стекнале преку неформалното и информалното учење, со што ќе се подобри привлечноста на доживотното учење и ќе се зголеми конкурентноста на работната сила
1.2. Зголемено е нивото на образование со коешто се стекнува населението
1.3. Подобрени се клучните компетенции на возрасните лица
1.4. Подобрени се можностите за учење на возрасните со посебни образовни потреби
1.5. Обезбедени се услови, лицата сместени во казнено - поправните домови, да завршат основно и средно образование и да учествуваат во СОО
1.6. Подобрена е мотивацијата на возрасните да учествуваат во обуки
1.7. Подобрени се можностите за УОВ поради подобрената политика
1.8. Зголемена е вклученоста во УОВ што значително придонесува за регионален и локален развој

**Приоритет II. Подобрување на содржината и квалитетот на учењето и образованието на возрасни**

1.1. Воспоставени се предуслови за зголемување на бројот на даватели на НО за возрасни и за проширување на опсегот на квалификации коишто се нудат во согласност со потребите на пазарот на трудот
1.2. Обезбедени се предуслови за контрола на квалитетот при спроведувањето на УОВ
1.3. Подобрен е квалитетот на УОВ за возрасни како резултат на зајакнатите професионални компетенции на обучувачите на возрасни лица
1.4. Зголемена е релевантноста на образованието на возрасни лица за потребите на пазарот на трудот

**Приоритет III. Подобрување на законодавството, организацијата и управувањето со учењето и образованието на возрасни**

3.1. Осигурана е финансиска основа којашто е неопходна за одржливо функционирање и развој на системот за УОВ;
2.2. Достапни се современи статистички податоци за системот за УОВ, и истите овозможуваат да се носат одлуки за политиките коишто се засноваат на докази
2.3. Утврдени се можности и опции за воспоставување на предуслови за зголемување на инвестициите во УОВ.

## 5.7. ОПШТИ/ЗАЕДНИЧКИ ПРИОРИТЕТИ ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

150. Постојат теми што се заеднички за повеќе столбови, па дури и такви што се заеднички за образовниот систем во целина. Со цел задржување што е можно

појасна логика на Стратегијата, како и за да се обезбеди нејзино поефективно управување и спроведување, дел од овие хоризонтални теми се опфатени во претходните столбови и таму се систематизирани. Такви се следните теми:

- подобрување на средината за учење и обезбедување квалитетно образование – за сите нивоа;
- подобрување на содржината на образованието – за сите нивоа (дополнително и усогласување со потребите на пазарот на труд) – особено преку воведување на Стандарди на учење базирани на резултати од учење;
- зголемено учество, подобрување на инклузијата и меѓуетничката интеграција – за предучилишно, основно и средно образование;
- подобрување на капацитетите на човечките ресурси (училишна управа, наставен и друг кадар) и операционализација на механизми за унапредување во кариерата – за предучилишно, основно и средно образование, СОО, високо образование и образование на возрасни;
- подобрување на организацијата и управувањето на институциите – за предучилишно, основно, средно образование, СОО, високо образование и образование на возрасни;
- подобрување на услуги за професионална ориентација и кариерно насочување – за основно, средно, СОО и високо образование.

151. Кога се работи за унапредување на инклузијата, којашто како тема провејува во скоро сите столбови, фокусот е на лицата (учениците) со *посебни образовни потреби*. Во Стратегијата, под посебни образовни потреби се подразбираат потребите што во процесот на образование ги имаат лицата (учениците) кои самостојно и без образовни интервенции и поддршка од страна на образовни фактори не можат да ги постигнат Стандардите на учење предвидени за возраста. За лицата со посебни образовни потреби е карактеристична потребата да им се овозможи дополнителна помош во образованието за да ги постигнат Стандардите на учење. Постои широк спектар на причини поради коишто одредени ученици може да имаат посебни образовни потреби: (а) ментална или физичка попреченост во развојот; (б) социо - емоционални и бихевиорални причини; и (в) неповолни услови за образование, што се должи на социо - економски, културни, и/или јазични фактори.

152. Друга тема што е застапена во повеќе столбови, а е особено важна за севкупниот општествен контекст, се однесува на подобрување на меѓуетничката интеграција. Според Стратегијата, еден начин да се постигне тоа е преку обезбедување мултикултурно образование, односно воведување *мултикултурализам* во образованието, што подразбира присуство на содржини што ги прикажуваат културните обележја на сите етнички заедници што живеат во Република Македонија на начин којшто промовира прифаќање на сличностите и почитување на различностите. Од друга страна, кога се зборува за активности за *меѓуетничка интеграција* во образованието, се мисли на заеднички активности со “мешани” групи ученици/наставници од различни наставни јазици што се базирани на интеракција меѓу учесниците.

153. Постојат и други општи теми поврзани со целокупниот образовен систем што се опфатени во посебниот 7. столб:
- законодавство;
- статистики и информации за образованието;
- ИКТ и дигитална писменост;
- социјално партнерство;
- национална рамка на квалификации.

154. Покрај тоа, во рамките на 7. столб, ќе биде опфатен и специфичен приоритет поврзан со мониторинг и евалуација на Стратегијата, како и со зајакнување на капацитети на државните тела.

### 5.7.1. Преглед на состојбата и досегашните активности

155. Од 2000 година наваму усвоени се неколку закони за регулирање на различни нивоа и аспекти на образованието:
- Закон за заштита на децата[26] (2000 година);
- Закон за поттикнување и помагање на техничката култура (2000 година);
- Закон за основно образование (2002 година);
- Закон за средно образование (2002 година);
- Закон за стандардот на учениците (2005 година);
- Закон за стручно образование и обука (2006 година);
- Закон за високо образование (2008 година);
- Закон за образование на возрасни (2008 година);
- Закон за учебници за основно и средно образование (2008 година);
- Закон за научно-истражувачка дејност (2008 година);
- Закон за признавање на професионалните квалификации (2010 година);
- Закон за отворените граѓански универзитети за доживотно учење (2011 година);
- Закон за студентскиот стандард (2013 година)
- Закон за иновациска дејност (2013 година);
- Закон за Националната рамка на квалификации (2013 година);
- Закон за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење (2014 година);
- Закон за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование (2015 година).

156. Освен тоа, постојат и закони коишто ги регулираат дејностите на различни структури на образовниот систем, како што се: Закон за основање на Универзитет во Тетово (2004 година); Закон за просветна инспекција (2005 година); Закон за Бирото за развој на образованието (2006 година); Закон за основање на Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (2007 година); Закон за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност (2007 година); Закон за Државниот испитен центар (2008 година); Закон за основање на Универзитет за информатички

[26] Ги регулира односите во сферата на предучилишното воспитание.

науки и технологии „Свети Апостол Павле“ (2008 година); Закон за основање на Националната агенција за нуклеарни технологии на Република Македонија (2010 година); Закон за педагошка служба (ПС; 2011 година); Закон за спортска академија (2014 година); Закон за академијата за наставници (2015 година); Закон за наставници во основните и средните училишта (2015 година); Закон за основање на Универзитет „Мајка Тереза“ во Скопје (2015 година) и Закон за основање на Универзитет за национална одбрана, безбедност и мир „Дамјан Груев” во Скопје (2016 година).

157. Сите овие закони, од нивното донесување до сега, редовно се ревидирани, по потреба. Овие процеси беа иницирани од различни министерства, институции или одделенија на надлежните министерства за одредени области, а ревидирањето на еден закон не беше проследено со соодветни измени и дополнувања во другите закони. Поради тоа, сеопфатно ревидирање и усогласување на законодавството за образование стана итна потреба.

158. Податоци за образовниот систем паралелно се собираат и обработуваат од страна на бројни структури, како на пр. Државниот завод за статистика (официјална статистика); Системот за управување со информации од областа на образованието (ЕМИС) којшто делува во рамките на МОН; Бирото за развој на образованието; Државниот испитен центар и др. Универзитетите располагаат со свои бази на податоци. Уште една воспоставена база на податоци за предучилишно образование функционира независно.

159. Во 2010 година, беше воспоставен ЕМИС со цел поддржување на клучните активности на МОН, имплементација на комплексниот и модерниот систем за човечки ресурси преку опфаќање на барањата на МОН, сите негови агенции и сите основни и средни училишта во земјата. ЕМИС подразбира собирање, проверување, обработка и објавување на податоци за учениците и нивните постигнувања во јавните основни и средни училишта. Од страна на ЕМИС главно се управуваат податоците за: одржување на училиштата, учениците, наставниците и останатиот училишен кадар, резултатите на учениците (со исклучок на резултатите од матура), отсуствата на учениците, училишните објекти и училишните средства, финансирањето и расходите, годишните училишни планови, отсуството на персоналот, распределбата на учениците/учиолниците, учебниците и нивната употреба. Системот опфаќа и информации за персоналот, на пр. податоци за вработување и отпуштање, историја на вработувањето, управување со кариера, обука и професионален развој, надомест и бенефиции итн. Системот има повеќе од 1 000 корисници – по двајца вработени во секое училиште и по тројца вработени во секоја општина.

160. Во 2016 година, започна нов тригодишен проект со цел креирање модел за интеграција на централизиран ЕМИС за високо образование за студентски прашања, студиски програми, управување со човечки ресурси, буџетирање и

финансиски менаџмент, инфраструктурен менаџмент и други податоци неопходни за следење на работата и резултатите на високото образование.

161. Во периодот 2009 - 2011 година спроведени се обуки за целокупниот наставен кадар во основното и средното образование со коишто се обезбедува дигитална писменост и употреба на ИКТ во наставниот процес преку користење на оперативниот систем Едубунту (главно за наставните предмети математика, физика, хемија, информатика). Осигурана е пристапност на сервиси за поддршка и едукативни мултимедијални ресурси на интернет. На училиштата им е овозможена интернет конекција, училниците се поврзани со локални интранет мрежи и обезбеден е брз интернет пристап за сите правни и физички субјекти коишто учествуваат во образовниот процес.

162. Направена е ревизија на наставните планови и програми од областа на ИКТ образование во основното и во средното образование и е зголемена застапеноста на образованието за ИКТ со тоа што се воведени задолжителни предмети од оваа област уште од III одделение во основното образование и е овозможен континуитет во изучување на информатиката во сите четири години на средното образование. Изготвени се дигитални содржини за наставните предмети: историја, музичко образование, ликовно образование, македонски јазик и албански јазик. Креирана е ИКТ литература на македонски јазик и на јазиците на заедниците во срединие и областите каде за тоа постои правна рамка. Воспоставен е портал на којшто се поставени учебниците (за коишто МОН има дозвола) во PDF формат.

163. Интегрирани се флексибилни облици на учење и форми за доживотно учење со користење на ИКТ во постојниот систем. Обезбедено е континуирано дигитално описменување во сите професии со прилагодување кон специфичните професионални потреби. На учениците кои го напуштиле училиштето и на невработените им е овозможено да се стекнат со дигитална писменост. Во основните и средните училишта воведен е електронски дневник со цел подобрување на комуникацијата помеѓу наставниците и родителите, овозможување брз и едноставен увид на информациите од дневникот од страна на наставниците во училиштето и овозможување централизирани и брзи анализи на податоци од МОН и од останатите јавни институции. Воспоставени се и повеќе портали коишто овозможуваат информирање и аплицирање за стипендии, поставување на едукативни видеа, евиденција на научно - истражувачките активности и нивните научно - апликативни активности во Република Македонија (проекти, трудови и иновации).

164. Постојат бројни советодавни структури надлежни за различни аспекти на образованието, каде членуваат различни чинители. Такви се:
- Советот за стручно образование и обука;
- Советот за образование на возрасни;
- Секторскиот комитет за следење на ИПА компонента IV;
- Советот за следење на спроведувањето на Стратегијата за СОО 2013 - 2020 во

контекст на доживотно учење;

- Национален одбор за Македонска рамка на квалификации;
- Комитет за иновации и претприемништво
- Совет за следење на спроведувањето на Стратегијата за претприемничко учење;
- Советодавна група за следење на спроведувањето на Стратегијата за иновации
- Секторски работни групи во рамки на Националниот инвестициски комитет (Секторска работна група за образование, вработување и социјални политики);
- Меѓуминистерски работни групи за различни поглавја од Националната програма за усвојување на правото на Европска унија (НПАА).

165. Сите овие совети, покрај националните институции како што се: МОН, МТСП, МФ, БРО, ЦОВ, ЦСОО и развојните партнери, вклучуваат исто така и социјални партнери како на пр. Сојуз на стопански комори на Македонија, Стопанска комора на Македонија, Стопанска комора на северозападна Македонија, Конфедерација на работодавачи на Република Македонија, Занаетчиска комора на Македонија, Организација на работодавачи на Република Македонија и претставници од релевантните синдикати.

166. Дополнително, со закон се предвидени и во блиска иднина ќе бидат воспоставени и други советодавни структури, како што се: Национален совет за високо образование, наука, иновации и технологии, Совет надлежен за работите поврзани со финансирање на Програмата за високо образование и др. Тие, исто така, соодветно ќе вклучуваат и различни социјални партнери.

167. Економско - социјалниот совет со којшто по службена должност претседава Министерот за труд и социјална политика, е трипартитно тело со еднаква застапеност на ВРМ, здруженијата на работодавачи и синдикатите (вкупно 12 членови) и има советодавна улога во креирање и спроведување на економски и социјални стратегии и политики, вклучувајќи ги и оние што се однесуваат на образование и обука. Постојат и шест локални економски и социјални совети кадешт се вклучени претставници од образовниот сектор.

**168.** Македонската рамка на квалификации (МРК) има за цел да го подобри системот на образование и обука преку примена на пристапот базиран на резултати од учење, да го олесни пристапот кон учењето во секој контекст и да ги направи резултатите јасни за секој граѓанин, да го подигне севкупното ниво на квалификации во популацијата и да ги зајакне врските меѓу квалификациите и можностите за вработување. Со донесување на Законот за Национална рамка на квалификации во 2013 година и назначување на официјален претставник како полноправен член на Советодавната група на Европската рамка на квалификации, државата се обврза да го усогласи МРК со Европската рамка на квалификации (ЕРК). Веќе се спроведени бројни активности како што се: основање и екипирање на посебна единица за НРК во рамки на Секторот за општи работи и поддршка на Министерот во МОН, воспоставување и функционирање на Национален одбор за МРК, пуштање во употреба на веб - страница на МРК, објавување на сеопфатна листа на сите квалификации и

воспоставување на Секторски комисии за квалификации. Освен тоа, во април 2014 година е формирана и работна група за натамошен развој на Националната рамка на квалификации за доживотно учење. Во февруари 2016 година Советодавна група на ЕРК го усвои сеопфатниот Извештај за поврзување на МРК со ЕРК и самопотврдување на рамката на квалификации на Европскиот простор за високото образование, подготвена во периодот 2014 - 2016. Изготвен е Поимник за термините на НРК. Сите постоечки квалификации условно се вклучени во МРК.

169. Натамошниот развој и спроведувањето на НРК имаат највисок национален приоритет. Тековните интервенции се поврзани со: подготовка и усогласување на релевантното законодавство за понатамошно спроведување на МРК, зајакнување на институционалните капацитети, како и зајакнување на воспоставувањето на фунцкионален национален систем на квалификации преку реформирање на стручното образование, високото образование и образованието на возрасни.

### 5.7.2. Предизвици

170. Долунаведените општи теми од образовниот систем се сметаат како главни предизвици коишто треба да се решат во рамки на Стратегијата:

1. Постојните закони со коишто се регулираат различни нивоа и аспекти на образовниот систем, како и дејностите на различни институции, од нивното донесување не биле разгледани на системски начин и не биле усогласени. Како резултат на ова, присутни се несовпаѓања, а понекогаш дури и противречности меѓу одредбите на различни закони коишто се меѓусебно поврзани или регулираат исти прашања. Самиот овој факт на вкрстена регулатива е предизвик сам по себе. Истовремено, за разлика од другите нивоа на образование, за предучилишното воспитание не постои независен закон и оваа сфера во моментов е регулирана само со неколку членови од Законот за заштита на децата. Дополнително, веќе е препознаена потребата за подготовка на нов Закон за високото образование.
2. Постојните „системи“ за собирање и обработка на статистички и административни податоци за образованието не се конзистентни и не се меѓусебно поврзани. Ниту еден од нив не е сеопфатен и не располага со целосно точни и навремени податоци истовремено[27]. Освен тоа, податоците не се секогаш внатрешно конзистентни, како на пр. во случај на основното и средното образование, податоците собрани од страна на Државниот завод за статистика (ДЗС) се на ниво на училиште, додека оние коишто се однесуваат на високото образование се на ниво на студенти и наставен кадар. Друга работа е што ДЗС сеуште собира статистички податоци најчесто во хартиена форма од институциите поради што е принуден да обработува повеќе стотици прашалници. Освен тоа, и самите образовни институции се принудени да соберат податоци за

[27]На пр. статистичките податоци обезбедени од страна на ДЗСсекогаш треба да се сметаат за точни,но по правило, тие се обработуваат и се објавуваат со значително задоцнување – понекогаш и поповеќе од една година.

свои цели бидејќи податоците обезбедени во базата на ЕМИС не се сметаат за доволно точни. Сето ова резултира со отсуство на брз и лесен пристап до статистички податоци и информации, неопходни за развој на политики базирани на докази. При тоа, не само што системите страдаат од внатрешни недостатоци, туку и капацитетите на човечките ресурси за работа со ЕМИС (и на училишно ниво и на нивото на управување) не се доволни.

3. И покрај тоа што за сите основни и средни училишта се обезбедени персонални компјутери достапни за сите ученици, примената на ИКТ во образовниот процес не е доволно ефективна. Поконкретно, недостасуваат стандарди за користење на ИКТ во образовниот процес, а сите наставници не се добро обучени. Софтверот што е на располагање не е соодветен да ги задоволи тековните потреби, а за реализацијата на многу содржини ИКТ не е нужна, туку напротив, комјутерите повеќе пречат, го окупираат просторот и ја отежнуваат комуникацијата на релација наставник - ученик. Истовремено, предучилишните установи и средните стручни училишта не се доволно опремени со компјутери и други ИКТ средства. Во земјата сеуште недостасува единствена електронска платформа за поучување и учење, како и за обезбедување други ресурси што би служеле како дидактичка поддршка за наставниците и учениците, би им овозможиле на наставниците да ги споделуваат своите искуства и да ги пренесуваат педагошките иновации и би придонеле кон самостоен професионален развој на наставниците. За да се обезбеди подготовка на нова генерација на квалификувани ИКТ специјалисти (со квалификации и на средношколско и на високошколско ниво) што се оспособени да го развиваат, да го промовираат, да учествуваат во и да го користат информатичкото општество, треба да се зголеми интересот на младите за ИКТ и да се зголемат можностите за нивно стекнување со базични компетенции уште во раните фази. Од тие причини, како посебен предизвик во овој сектор може да се сметаат отворањето на ИКТ гимназија и/или ИКТ паралелки специјализирани за компјутерски науки и математика и воведување модерни ИКТ квалификации на ниво на стручно образование и обука.

4. Иако во државата се основани голем број различни советодавни тела со вклучување на социјални партнери (или ќе се основаат), сепак, не може да се смета дека социјалното партнерство во областа на образованието е развиено, ниту дека е на задоволително ниво. Во пракса, социјалните партнери не се соодветно вклучени во процесот на донесување одлуки во образовната политика што главно се должи на следниве причини: социјалниот дијалог за целокупниот образовен сектор не е правилно институционализиран и искуството од социјалниот дијалог и капацитетите како на владините претставници, така и на социјалните партнери сеуште се недоволни. Како главни предизвици во оваа област се јавува воспоставувањето на постојана структура за дијалог за образовната политика на национално ниво – Одбор за развивање образовни политики (ОРОП; со законски дефинирани одговорности и јасни процедури за функционирање), како и развојот на капацитетите на клучните заинтересирани страни.

5. Иако Законот за НРК дефинира концепти и терминологија поврзани со Македонската рамка на квалификации, постојниот национален систем на квалификации не е доволно усогласен со нив. Истовремено, голем број правни акти треба да се ревидираат и да се усогласат со Законот за НРК. Системите за вклучување на квалификации во МРК и во Регистарот не се доволно развиени, а згора на тоа, квалификациите не се соодветно усогласени со барањата на пазарот на трудот и со потребите на поединците за личен развој. Освен тоа, кај Стандардите на занимања, Стандардите за квалификации и наставните програми треба да продолжи процесот на ревизија и преструктурирање врз основа на резултатите од учењето. Развојот на Стандарди на квалификации на ниво на високо образование не е ниту започнат. Системот за валидација на неформално и информално учење е во ембрионална фаза, а воспоставувањето систем за управување со МРК и вклучување на чинителите е уште едно отворено прашање. Со подготовката на Патоказот за понатамошен развој и спроведување на МРК, усвоен беше и сеопфатен пристап за осврт кон предизвиците.

### 5.7.3. Приоритети и очекувани исходи

171. Имајќи ги предвид идентификуваните предизвици, оваа стратегија ги дефинира долунаведените општи теми од образовниот систем како приоритети кои треба да се решат преку обезбедување на соодветни исходи што се подетално образложени (заедно со мерките, активностите и индикаторите) во соодветниот столб во Акцискиот план:

**Приоритет I. Подобрување и усогласување на законската основа во образованието**

1.1. Законодавството во областа на образованието е конзистентно, хармонизирано во поглед на клучните термини и го поддржува спроведувањето на реформите и развојот, како и обезбедува системско напредување на средината преку интеграција и поддржување на учењето од сите засегнати страни
1.2. Обезбедена е правна основа за регулирање на предучилишно образование
1.3. Утврдени се можностите и опциите за воведување задолжителна подготвителна година за деца на возраст 5 - 6 години како прв чекор во постепено воведување на задолжително предучилишно образование
1.4. Зголемено е нивото на административната, финансиската и академската автономија на универзитетите и нивната отчетност
1.5. Подобрена е ефективноста на функционирањето на универзитетите
1.6. Овозможено е суштинско учество на студентите во телата за одлучување во високообразовните институции
1.7. Концептот на доживотно учење е широко прифатен и промовиран преку процесот на планирање на образованиетото во сите сектори
1.8. Широката јавност високо го цени вреднувањето на континуираното самостојно учење и сертифицирањето на вештините стекнати низ животот

**Приоритет II. Подобрување на системот за прибирање статистички податоци и ЕМИС**

2.1. ЕМИС ги опфаќа сите нивоа на образование и претставува ефикасна алатка за креирање образовни политики засновани на докази
2.2. Зголемена е ефикасноста и ефективноста на прибирањето, обработката и објавувањето на статистичките податоци од страна на ДЗС
2.3. Соодветниот кадар на сите нивоа на образовниот систем е оспособен целосно да ги користи статистичките податоци за ефективно управување и раководење со образованието и за креирање политики засновани на докази

**Приоритет III. Обезбедување широка употреба на ИКТ во образованието и обуката и дигитална писменост**

3.1. Зголемена е ефективноста на образовниот процес преку употреба на ИКТ
3.2. Учениците и наставниците се стекнуваат со потребните дигитални вештини
3.3. Обезбедени се услови и средина за самостоен професионален развој на кадарот и за размена на искуствата
3.4. Зголемени се ефикасноста во обезбедувањето дидактички материјал за наставниците и наставен материјал за учениците и достапноста на педагошките иновации
3.5. Зголемен е интересот кај младата генерација за ИКТ;
3.6. Овозможени се предуслови за подготовка на идни висококвалификувани специјалисти за ИКТ
3.7. Подготвена е нова генерација на ИКТ техничари оспособени да го развиваат, промовираат и користат информатичкото општество и да учествуваат во него

**Приоритет IV. Зајакнување на социјалното партнерство и подобрување на дијалогот за образовните политики**

4.1. Социјалното партнерство во образовниот сектор е институционализирано
4.2. Социјалните партнери се во можност ефикасно да го испорачаат дијалогот за образовни политики

**Приоритет V. Операционализација на МРК**

5.1. Постојат предуслови за усогласено спроведување на МРК
5.2. Обезбедена е јавна свест за МРК и сите нејзини компоненти, како и видливост на МРК за клучните заинтересирани страни и пошироката јавност
5.3. Зајакнати се институционалните капацитети за ефикасно раководење со МРК и за вклучувањето на клучните заинтересирани страни
5.4. Воспоставен е сеопфатен систем на квалификации стекнати во Република Македонија според МРК и Регистарот на квалификации
5.5. Обезбедена е веродостојноста на квалификациите што се стекнуваат во Република Македонија

**Приоритет VI. Подобрување на капацитетите на националните институции и обезбедување мониторинг и евалуација на Стратегијата**

6.1. Потребите за обука на националните институции за изработка, спроведување, следење и евалуација на образовните политики и за управување со образовниот систем се систематизирани
6.2. Обезбедени се повратни информации за процесот на спроведување на Стратегијата
6.3. Постојат предуслови за обезбедување на ефикасно и ефективно спроведување на Стратегијата
6.4. Обезбедени се повратни информации за тоа дали исходите на Стратегијата се постигнати и информации за понатамошни одлуки поврзани со образовните политики

# 6. СПРОВЕДУВАЊЕ, МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА

172. Стратегијата ќе се спроведува согласно Акцискиот план преку употреба на различни механизми и инструменти, со учество на различни јавни и невладини структури, установи и експерти, како и приватни претпријатија. Сепак, МОН е водечкото тело одговорно за организирање, координирање и консолидирање на активностите, излезните резултати и за реализирање на исходите. МТСП е главниот партнер што споделува одговорност за сегментите под негова надлежност. Учествуваат и други министерства во согласност со нивните надлежности и овластувања.

173. Се предвидуваат два главни начини на реализирање на исходите од Стратегијата: од страна на стручниот персонал во националните институции и тела, односно министерствата и нивните органи во состав, и преку набавка на изведбени работи, услуги и стоки од приватни или независни даватели на истите. Изработката на концепциски и технички документи, како што се стандарди, програми, концепции или механизми, ќе биде доверена на работни групи во коишто ќе членуваат експерти од различни сфери на делување (како на пример од граѓанскиот секор, од развојните партнери, од универзитетите), практичари и/или претставници на националните институции и тела (кои се непосредно одговорни за определената активност) со цел да се постигне подобра координираност и да се обезбеди квалитет на изработеното.

174. Јасно дефинирање на исходите и индикаторите коишто објективно се потврдуваат ќе овозможи делотворно следење и оценување на Стратегијата. Како и при спроведувањето на Стратегијата, партиципативниот приод ќе се применува и за нејзино следење и оценување. Транспарентноста, објективноста и веродостојноста ќе бидат главните принципи на овие процеси.

# 7. АКЦИСКИ ПЛАН

***Забелешка: поддршката во рамки на ИПА II 2014 - 2020 (Сектор за вработување, образование и социјални политики) е во фаза на преговори. Идентификуваните области се предлози за коишто во иднина ќе има понатамошни дискусии и услогласување.***

## 7.1. ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ

| Бр. | Приоритети/Мерки | Исходи | Индикатор којшто објективно се потврдува | Период[28] | Одговорни | Средства (€) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет I. Подобрување на содржината, условите за учење и квалитетот во остварувањето на предучилишното образование** | | | | | | |
| 1.1 | Ревидирање на Стандардите за рано учење и развој за деца на возраст 0 - 6 години | ● Подобрена е содржината на предучилишното образование | ● Одобрени Стандарди за рано учење и развој за деца на возраст 0 - 6 години | 2020 | МТСП, МОН, БРО | 10.000 |
| 1.2 | Ревидирање на Програмата за рано учење и развој | ● Предучилишното образование е насочено кон постигнување на излезните резултати што се дефинирани со Националниот стандард за рано учење и развој | ● Одобрена Програма за рано учење и развој во предучилишно образование којашто ги исполнува барањата на Стандардите за рано учење и развој;<br>● Подготвени прирачници за реализирање на Програмата за рано учење и развој;<br>● Програмата за рано учење и развој пилотирана и постепено воведена во најмалку 10 градинки | 2025 | МТСП, МОН, БРО | 45.000 |
| 1.3 | Оптимизирање на бројот на децата во групите | ● Воспоставени се предуслови за да се посвети повеќе внимание на секое дете во предучилишните установи | ● Отворени нови групи во градинките со поголем број деца од пропишаните норми;<br>● Отворени неопходните работни места и пополнети со нови вработувања на воспитувачи и негуватели; | 2020<br>2025 | МТСП, општини | - |

[28] Реализацијата на мерките е распоредена во два периода - до 2020 година (краткорочен) и до 2025 (долгорочен), зависно од крајниот рок до кога е предвивена реализацијата на активностите вклучени во наведената мерка.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ● Бројот на деца по група не ги надминува нормите определени со легислативата | | | |
| 1.4 | Обезбедување на неопходните физички услови (простор, игрални и игралишта, мебел, спортска опрема итн.) на установите за деца | ● Воспитно-образовниот процес е поддржан со соодветни физички услови за да се постигнат определените излезни резултати | ● Спроведено целосно мапирање и попис на потребите на предучилишните установи;<br>● Прифатени нормативите за дидактички материјали;<br>● Снабдени сите градинки со неопходните дидактички средства и материјали;<br>● Целосно опремени 30% од јавните градинки согласно Стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца | 2020<br>2025 | МТСП, БРО, општини | 360.000 |
| 1.5 | Обезбедување на неопходните дидактички материјали за градинките | ● Воспитно-образовниот процес е поддржан со сите неопходни дидактички материјали за да се постигнат определените излезни резултати | ● Прифатени нормативите за дидактички материјали;<br>● Снабдени сите градинки со неопходните дидактички средства и материјали;<br>● Целосно опремени 30% од јавните градинки согласно Стандардите за рано учење и развој | 2020<br>2025 | МТСП, БРО, општини | 360.000 |
| 1.6 | Обезбедување услови за билингвално образование на децата на предучилишна возраст | ● Предучилишното образование нуди можност за билингвален пристап за работа со деца од различни култури | ● Воспоставени најмалку 25 билингвални групи во јавните градинки | 2020 | МТСП,<br>МОН,<br>БРО | 170.000 |
| ***Бр.*** | ***Активности*** | ***Излезни индикатори*** | ***Извори на верификација*** | ***Краен рок*** | ***Одговорни*** | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *1.1.1* | Валидација и процена на практичната примена на Стандардите за рано учење и развој за деца на возраст 0 - 6 години | • *РГ за* валидација и процена на практичната примена на Стандардите за рано учење и развој за деца на возраст 0 - 6 години*;*<br>• *Финансиските средства се определени;*<br>• *Меѓународните искуства се проучени;*<br>• *Извештаите се дискутирани со сите заинтересирани страни* | • *Извештаи од РГ;*<br>• *Записници од средби за дискусии;*<br>• *Одлуки на МОН*[29] *и МТСП;*<br>• *Одлуки на ВРМ* | *2020* | *МТСП, МОН БРО, општини* | *10.000* |
| *1.1.2* | *Ревизиај на Стандардите за рано учење и развој* | • *РГ за ревидирање на Стандардите се формирани;*<br>• *Финансиските средства се определени;*<br>• *Меѓународните искуства се проучени;*<br>• *Стандардите се ревидирани и разгледани се со клучните заинтересирани страни;*<br>• *Нацрт Стандардите за рано учење и развој и нацрт упатствата за нивно воведување официјално се одобрени* | • *Извештаи од РГ;*<br>• *Нацрт правен акт за одобрување на Стандардите;*<br>• *Записници од средби за дискусии;*<br>• *Одлуки на МОН*[30] *и МТСП;*<br>• *Одлуки на ВРМ* | *2025* | *ВРМ, МТСП, МОН,БРО* | *10.000* |
| *1.1.3* | *Пилотирање на ревидираните Стандарди во 10 градинки, нивно подобрување и воведување во градинките* | • *Резултатите од пилотирањето се обработени;*<br>• *Финалната верзија на Стандардите за рано учење и развој е изготвена;*<br>• *Стандардите за рано учење и развој со упатствата за нивно спроведување официјално се одобрени, објавени се на сите јазици и доставени се до сите градинки* | • *Евиденција од пилотирањето;*<br>• *Одлуки на МОН и МТСП*<br>• | *2024* | *МТСП, МОН,БРО* | - |

[29]Секаде каде што во Акциониот план има повикување на одлуки на МОН, се подразбира дека соодветните органи во состав на ова министерство ќе постапуваат согласно нивните надлежности и ќе донесуваат соодбветни одлиуки.

[30]Секаде каде што во Акцискиот план има повикување на одлуки на МОН, се подразбира дека соодветните органи во состав на ова министерство ќе постапуваат согласно нивните надлежности и ќе донесуваат соодбветни одлиуки.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0.1.1 | *Ревизија на Програмата за рано учење и развој во согласност со Стандардите и подготовка на придружни прирачници за реализација на Програмата на сите јазици* | ● *РГ за ревидирање на Програмата се формирани;*<br>● *Финансиските средства се определени;*<br>● *Меѓународните искуства се проучени;*<br>● *Програмата за рано учење и развој е изработена и разгледана со клучните заинтересирани страни;*<br>● *Прирачниците за реализирање на Програмата за рано учење и развој се подготвени;*<br>● *Програмата за рано учење и развој и прирачникот се одобрени* | ● *Извештаи од РГ;*<br>● *Записници од средби за дискусии;*<br>● *Одлуки на МОН и МТСП* | *2025* | *МТСП, МОН, БРО* | *15.000* |
| 0.1.2 | *Пилотирање на ревидираната Програма за рано учење и развој во 10 градинки, нивно подобрување и воведување во сите градинки* | ● *Резултатите од пилотирањето на Програмата за рано учење и развој се обработени;*<br>● *Финалните верзии на Програмата за рано учење и развој официјално се одобрени;*<br>● *Програмата за рано учење и развој е подготвена на сите јазици, отпечатена е и доставена ве до сите градинки* | ● *Извештај за пилотирањето со препораки за подобрување на Програмата за рано учење и развој;*<br>● *Одлуки на МОН и МТСП* | *2025* | *МТСП, МОН, БРО* | *-* |
| 1.2.3 | *Обука на воспитувачите во градинките за реализација на ревидираната Програма за рано учење и развој* | ● *Давателот/ите на услуги е избран;*<br>● *Програмата за обука (вклучувајќи ги сите неопходни модули и материјали за обука) се подготвени и доставени се до сите градинки;*<br>● *Сите воспитувачи во градинките се обучени* | ● *Записници од одржани обуки;*<br>● *Одлуки на МОН и МТСП* | *2025* | *МТСП, МОН, БРО* | *30.000* |
| 1.3.1 | *Отворање нови групи во градинките со поголем број деца од пропишаните норми* | ● *Бројот на деца по група во сите градинки не ги надминива нормите определени со легислативата*<br>● *Конкурси во сите градинки што имаат потреба од нови вработувања се распишани и се реализирани* | ● *Документи од примена на конкурсите за вработување, резултати од спроведените интервјуа за работа;*<br>● *Евиденција за вработените во градинките (одлуките на* | *2020*<br>*2025* | *МТСП, општини* | *-* |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | *директорите);*<br>● *Документи за планирање на буџетот на градинката од МТСП* | | | |
| *1.4.1* | *Мапирање и попис на предучилишните установи и избор на градинки во кошто треба да се подобрат физичките услови* | ● *Повикот за набавка на услуги за мапирање и попис е организиран;*<br>● *Резултатите од мапирањето со утврдени потреби на предучилишните установи се обработени;*<br>● *Критериумите за избор на предучилишните установи се дефинирани;*<br>● *Предучилишните установи се избрани според резултатите од мапирањето и критериумите од селекцијата;*<br>● *Неопходните средства се определени* | ● *Договор со давател/и на услуги;*<br>● *Извештај од мапирањето одобрен од страна на МТСП;*<br>● *Одлуки на МТСП* | *2018* | *МТСП* | *20.000* |
| *1.4.2* | *Организирање градежни работи со цел подобрување на физичките услови во 30% од јавните градинки* | ● *Повикот е организиран;*<br>● *Градбите на најмалку 30% од јавните градинки се целосно подобрени според Стандардите и нормативите за вршење на дејноста во установите за деца* | ● *Договор со давател/и на услуги;*<br>● *Акти за прифаќање на градежните работи;*<br>● *Одлуки на МТСП* | *2020* | *МТСП, општини* | *200.000* |
| *1.5.1* | *Изготвување нормативи за дидактичките материјали* | ● *Нормативите за дидактичките материјали се одобрени* | ● *Одлуки на МТСП и МОН* | *2018* | *МТСП, МОН, БРО* | *-* |
| *1.5.2* | *Подготовка (ревизија) на дидактичките материјали на сите јазици на коишто се работи во градинките* | ● *РГ за изработка на дидактичките материјали се формирани;*<br>● *Финансиските средства се определени;*<br>● *Дидактичките материјали се изработени и разгледани се со клучните заинтересирани страни;*<br>● *Дидактичките материјали и методологијата за* | ● *Извештаи од РГ;*<br>● *Записници од средби за дискусии;*<br>● *Одлуки на МОН и МТСП* | *2020* | *МТСП, МОН* | *20.000* |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | *нивната примена официјално се одобрени* | | | | |
| *1.5.3* | *Печатење на дидактичките материјали* | ● *Повикот е организиран;*<br>● *Неопходниот број на примероци на дидактички материјали се објавени и доставени до градинките* | ● *Договор со давател/и на услуги;*<br>● *Финансиски документи;*<br>● *Акти за прифаќање на доставувањето на дидактичките материјали;*<br>● *Одлуки на МОН и МТСП* | *2020* | *МТСП, МОН* | *20.000* |
| *1.5.4* | *Набавка на опрема и дидактички материјали* | ● *Повикот е организиран;*<br>● *Сите предучилишни установи се снабдени со опрема и дидактички материјали според Стандардите и нормативите за вршење на дејноста во установите за деца* | ● *Договор со давател/и на услуги;*<br>● *Финансиски документи;*<br>● *Акти за прифаќање на опремата и дидактичките материјали;*<br>● *Одлуки на МТСП* | *2020* | *МТСП, општини, градинки* | *100.000* |
| *1.5.5* | *Обучување на воспитувачите во градинките да ги применуваат дидактичките материјали* | ● *Давателот/ите на услуги е избран;*<br>● *Програмата за обука (вклучувајќи ги сите неопходни модули и материјали за обука) е подготвена и доставена е до сите градинки;*<br>● *Сите воспитувачи во градинките се обучени* | ● *Записници од одржани обуки;*<br>● *Одлуки на МОН и МТСП* | *2021* | *МТСП, МОН, БРО* | - |

| **Бр.** | **Приоритети/Мерки** | **Исходи** | **Индикатор кој објективно се потврдува** | **Период** | **Одговорни** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет II. Зголемување на опфатот на децата и подобрување на инклузивноста во предучилишното образование** | | | | | | |
| 2.1 | Проширување на мрежата на предучилишните установи | ● Создадени се основни услови за да се зголеми опфатеноста на децата во предучилишното образование, преку обезбедување на еднаков пристап | ● 40 нови установи во рурални и урбани средини во 40 градови/села;<br>● Опфатени околу 3000 деца | 2025 | МТСП, општини | 11.000.000 |
| **2.2** | Приспособување на предучилишните | ● Воспоставени се физичките услови и вработени се лица кои се неопходни за да се вклучат децата со | ● Воспоставени критериуми за избор на | 2025 | МТСП, општини, | 6.042.000 |

| Бр. | Приоритети/Мерки | Исходи | Индикатор кој објективно се потврдува | Период | Одговорни | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | установи за инклузивно образование | развојни потешкоти | најмалку 20 инклузивни градинки;<br>● Целосно приспособени градбите на избраните градинки за децата со развојни потешкотии ;<br>● Формирани стручни тимови во избраните градинки составени од предагог, психолог, специјален едукатор, логопед и социјален работник | | градинки | |
| 2.3 | Ревидирање на постојните и развивање на нови дидактички материјали за децата со развојни потешкотии | ● Содржината и методите според кои се реализираат активностите со децата во предучилишното образование се приспособени за да ги вклучат децата со развојни потешкотии | ● Подготвени дидактички материјали за најмалку три вида на развојни потешкотии на сите јазици застапени во градинките | 2020<br>2025 | МТСП, МОН | 35.000 |
| 2.4 | Зголемување на свеста на вработените во предучилишните установи и родителите за неопходноста да се прифатат децата со развојни потешкотии | ● Обезбедена е средина која овозможува морална поддршка и постои позитивно јавно мислење за инклузивното образование | ● Изработен концепт за кампањи за подигање на свеста за којшто е постигнат договор со клучните заинтересирани страни;<br>● Најмалку осум регионални и две национални кампањи (настани) годишно, за подигање на свеста, коишто се одржуваат заедно со лицата вработени во предучилишните установи и родителите | 2020 | МТСП, МОН | 110.000 |
| 2.5 | Јакнење на компетенциите на кадарот за инклузивно образование и овозможување пристап на децата со развојни потешкотии до квалитетно рано учење и развој | ● Воспоставена е административна основа за обезбедување на инклузивно образование | ● Воспоставена процедура за носење одлуки за вклученоста на децата со развојни потешкотии во редовните градинки/групи | 2020 | МТСП, МОН, МЗ | 10.000 |

| Бр. | Активности | Излезни индикатори | Извори на верификација | Краен рок | Одговорни | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.1 | Градење, реконструкција и приспособување на објектите за нови предучилишни установи | • Повикот за набавка на архитектонско решение и градежни работи за изградба, реконструкција и приспособување на објектите е организиран;<br>• Архитектонското решение за градежните работи со проценка на буџетот е изготвено;<br>• 40 нови предучилишни установи се отворени во нови, реконструирани или адаптирани објекти | • Договор со давател/и на услуги;<br>• Акти за прифаќање на архитектонскиот план и градежните работи;<br>• Одлуки на МТСП | 2025 | МТСП, општини | 5.500.000 |
| 2.1.2 | Обезбедување на неопходната опрема на новите предучилишни установи | • Повикот за набавка на опрема е организиран;<br>• 40 предучилишни установи се снабдени со опрема во согласност со Стандардите | • Договор со давател/и на услуги;<br>• Финансиски документи;<br>• Акти за прифаќање на опремата;<br>• Одлуки на МТСП | 2025 | МТСП, општини | 5.500.000 |
| 2.2.1 | Организирање адаптација на градбите на 20 предучилишни установи за инклузија на децата со физичка попреченост | • Критериумите за избор на најмалку 20 градинки коишто ќе се приспособат за инклузија на деца со физичка попреченост се одобрени;<br>• Повикот е организиран;<br>• Архитектонското решение за изградба чијашто цел е да се приспособат 20 предучилишни установи за инклузија на деца со физичка попреченост е изготвено со пресметка на буџетот;<br>• Градбите на најмалку 20 предучилишни установи се приспособени за инклузија на деца со физичка попреченост според меѓународни и национални стандарди | • Договор со давател/и на услуги;<br>• Финансиски документи;<br>• Акти за прифаќање на архитектонскиот план и градежните работи;<br>• Одлуки на МТСП | 2025 | МТСП, општини, градинки | 2.000.000 |

| Бр. | Активности | Излезни индикатори | Извори на верификација | Краен рок | Одговорни | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.2.2 | Целосно доекипирање на стручните служби со неопходниот кадар во сите градинки | ● Конкурсите за вработување на нови лица во стручните служби се распишани и реализирани се според потребите на градинките | ● Документи од спроведени конкурси за вработување, резултати од интервјуа за вработување;<br>● Училишна евиденција за вработените (одлуките на директорите) | 2020 | МТСП, општини, градинки | 4.032.000 |
| 2.3.1 | Ревизија на постојните и развивање нови дидактички материјали за децата со развојни потешкотии | ● РГ за ревидирање на дидактичките материјали се формирани;<br>● Финансиските средства се определени;<br>● Дидактичките материјали се изработени и разгледани се со клучните заинтересирани страни;<br>● Дидактичките материјали и методологијата за нивната примена официјално се одобрени;<br>● Дидактичките материјали се преведени на сите јазици застапени во градинките | ● Извештаи од РГ;<br>● Записници од средби за дискусии;<br>● Одлуки на МОН и МТСП | 2019 | МТСП, МОН | 15.000 |
| 2.3.2 | Печатење на дидактичките материјали | ● Повикот е организиран;<br>● Неопходниот број на примероци на дидактички материјали е објавен и доставен е до градинките | ● Договор со давател/и на услуги;<br>● Финансиски документи;<br>● Одлуки за прифаќање на доставувањето на дидактичките материјали;<br>● Одлуки на МТСП | 2021 | МТСП | 20.000 |
| 2.4.1 | Изработка на Концепт за кампањи за подигање на свеста со Акциски план | ● РГ за изготвување на Концептот се формирани;<br>● Финансиските средства се определени;<br>● Концептот и Акцискиот план се изготвени и разгледани се со клучните заинтересирани страни;<br>● Концептот за кампањи за подигање на свеста и | ● Извештаи од РГ;<br>● Записници од средби за дискусии;<br>● Одлуки на МОН и МТСП | 2019 | МТСП, МОН | 10.000 |

| Бр. | Активности | Излезни индикатори | Извори на верификација | Краен рок | Одговорни | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Акцискиот план официјално се одобрени | | | | |
| 2.4.2 | Организирање кампањи за подигање на свеста | ● Најмалку осум регионални и две национални кампањи (настани) за подигање на свеста годишно се одржуваат заедно со вработените во предучилишните установи и родителите;<br>● Медиумски кампањи со подготвени видео записи се реализирани | ● Договор со давател/и на услуги;<br>● Докази за спроведување на кампањи за подигање на свеста (на пр, евиденција, печатени, фотографски, видео и останати материјали, извештаи, интервјуа итн.);<br>● Акти за прифаќање на овозможените услуги;<br>● Одлуки на МТСП | 2019 | МТСП, МОН | 100.000 |
| 2.5.1 | Изработка на механизам за вклучување за децата со развојни потешкотии во редовното предучилишно образование | ● РГ за изработување на механизмот се формирани;<br>● Финансиските средства се определени;<br>● Меѓународните искуства се проучени;<br>● Механизмот е изготвен и разгледан е со клучните заинтересирани страни;<br>● Механизмот за вклучување на деца со развојни потешкотии во редовното предучилишно образование и процедурите за негово воведување се официјално одобрени | ● Извештаи од РГ;<br>● Записници од средби за дискусии;<br>● Одлуки на МОН, МТСП и МЗ | 2020 | МТСП, МОН, МЗ | 10.000 |

| Бр. | Приоритети/Мерки | Исходи | Индикатор кој објективно се потврдува | Период | Одговорни | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет III. Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во предучилишните установи** | | | | | | |
